3.3 Одделение за организација на работата на советот на општината
4. Сектор за финансиски прашања
4.1. Одделение за буџетска координација
4.2 Одделение за буџетска контрола
4.3 Одделение за сметководство и плаќање
4.4. Одделение за администрирање на даноци и такси
5. Сектор за јавни набавки
5.1. Одделение за администрирање на постапки за јавни набавки
5.2. Одделение за планирање и спроведување на јавни набавки
6. Сектор за локален економски развој
6.1. Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација
6.2. Одделение за поддршка на бизнис секторот

6.3 Одделение за информатичко комуникациска технологија
7.Сектор за јавни дејности и култура
7.1 Одделение за култура и јавни настани
7.2 Одделение за услуги за граѓани
8. Сектор за образование и спорт
8.1 Одделение за образование и спорт
8.2 Дддfestival
9. Сектор за управување со човечки ресурси
9.1 Одделение за управување со човечки ресурси
9.2 Одделение за обуки и оценување
10. Сектор за техничко логистичка поддршка и мониторинг
10.1 Одделение за техничко логистичка поддршка
10.2 Одделение „МОЈ ОПШТИНАР“
11. Одделение за инспекциски надзор
12. Одделение за внатрешна ревизија

Член 6

Објектот на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци е лоциран во градот Кавадарци, во општината Кавадарци.

Општинската зграда на Општина Кавадарци е изградена на катастарската парцела КП 13138 во КО Кавадарци.

На предметната катастарска парцела има изградено објект кои се наоѓа на приземје и два спрата и е со вкупна внатрешна површина од 2.527 $m^2$.

Објектот е во сопственост на Општина Кавадарци.

Внатрешноста на објектот е поделена согласно функционалните потреби.

До локацијата на објектот има лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила и возила на итната медицинска помош, од пристапниот пат директно до самиот објект.

Пристапните патишта до објектот се со доволна широчина и овозможуваат лесен пристап.

## 2. Мерки за заштита од пожари и експлозии со кои ќе се отстранува, односно намалува опасноста од пожари и експлозии, согласно со условите на функционирањето на единицата на локалната самоуправа

### 2.1. Мерки за заштита од пожари и експлозии

Член 7

Секој вработен во Општина Кавадарци кој ќе забележи пожар должен е да го изгасне ако тоа може да го стори без опасност за себе или друг.

Во случај кога вработениот не може сам да го изгасне пожарот должен е веднаш да ја извести најблиската ТПП станица.

Член 8

По дознавањето на настанатиот пожар вработениот во Општина Кавадарци ги презема следните мерки:

1. Дава знак за тревога,
2. Пристапува кон гаснење на почетниот пожар со противпожарен апарат,
3. Одговорните лица веднаш се јавуваат во ПП единицата, а ако се во близина до настанатиот пожар одат веднаш на пожарот,
4. По пристигнувањето на ТПП единица на местото на пожарот, раководителот на акцијата за гаснење, врши процена на состојбата, донесува решение за начин на спасување на луѓето и имотот, видот и ПП опремата и средствата за гаснење на пожарот.

Член 9

Кога се работи за пожар од поголем обем кој не може да се изгаси со сопствени сили вработениот или одговорното лице бараат помош од територијалната противпожарна единица.

Територијалната противпожарна станица во општина Кавадраци се наоѓа на оддалеченост од околу 900m и времето на пристигнување на интервентното возило е за околу 3-4 минути.

Член 10

ТПП единицата е должна веднаш да пристапи кон негово локализирање. Вработените во установата се должни да учествуваат во гаснењето на пожарот и спасувањето на лица и имот загрозени од пожар и експлозии.

Член 11

За време на пожарот сите присутни или повикани лица се должни да ги извршуваат наредбите на раководителот на акцијата за гаснење на пожарот.

Член 12

За настанатиот пожар се известува Министерството за внатрешни работи – ПС и другите релевантни субјекти.

После давањето знак за тревога забранета е употреба на телефон освен за најитни разговори кои што се во врска со настанатиот пожар.

Член 13

Гаснењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот се врши додека пожарот не се изгасне во целост или раководителот на акцијата не ја прекине акцијата.

Член 14

Доколку постои опасност од повторно избувнување на пожар раководителот на акцијата ќе одреди противпожарна стража со потребен број на пожарникари, средства и опрема на местото на пожарот.

Член 15

По враќање од интервенцијата раководителот на акцијата за гаснење на пожарот доставува извештај за текот и резултатите на интервенцијата на одговорното лице.

Член 16

После работното време, при напуштање на објектот да има задолжено лице кое ќе ја исклучи струјата од главната склопка, а останатиот персонал да се задолжи секој на своето работно место и просторија да провери дали сите електрични уреди се исклучени или дали има некоја друга причина која би предизвикала пожар.

## 2.2. Постапка за евакуација на вработените загрозени од пожар

Член 17

При појава на пожар секој вработен е должен да пристапи кон негово гаснење, а во случај да не може или се заканува опасност по него или останатите присутни пристапува кон евакуација.

Член 18

Во случај на несреќа во објектот е обезбедена можност за безбеден излез на сите присутни и вработени, но сепак секој вработен треба да ги преземе следните мерки за безбедно напуштање на објектот:

- да не се испаничи и да не создаде паника кај останатите вработени, а ако има некој таков да го смири и охрабри,
- да ги извести сите вработени и странки усно да ги напуштат објектите што е можно побрзо и без паника,
- со мокра крпа или облека да ги заштитат органите за дишење и за 15 сек. да го напуштат објектот,
- при излегување да оди поднаведнато и да ги користи крајните делови на просторијата,
- да не прави врева,
- со прирачни средства да даде прва помош на евентуално загрозени лица (давање на вештачко дишење, ставање на завој на евентуално повредени и да повика итна медицинска помош на тел. бр.194),
- раководителот да ги преброи луѓето за да провери дали сите го напуштиле објектот,
- на командирот на ТППЕ да му ги каже сите барани податоци (дали има останати луѓе во објектот, дали има опасни материи кои би предизвикале експлозија, кои се најзагрозените места, од каде се појавил пожарот и дали е исклучена електричната струја).

### 2.3. Одговорно лице за заштита од пожар и експлозии

Член 19

Одговорното лице за заштита од пожари и експлозии при вршење на работни задачи ги има следните должности:

1. Ги следи превентивните мерки за заштита од пожари и експлозии утврдено со закон и други прописи и со овој Правилник,
2. Одговорното лице презема потребни мерки и ги применува да не дојде до појава на пожари и експлозии и загрозување на животите,
3. Се грижи за бројот, разместувањето и исправноста на ПП апаратите, хидрантската и друга опрема, поправка, замена, сервисирање и слично.
4. Се грижи за припремањето на општите акти од областа на заштита од пожари и експлозии,
5. Се грижи за работата и обученоста на вработените од ПП заштита,
6. Во случај на појава на пожар непосредно учествува во откривање на причините за појава на пожарот,
7. Ги следи прописите од областа на заштита од пожари и експлозии,
8. Води потребна евиденција од областа на заштитата од пожари и експлозии,
9. Во случај на воочување на одредени недостатоци поради кои постои опасност од избувнување на пожар, го известува претпоставениот,
10. Одговорното лице за заштита од пожари има соодветна стручна помош од оваа област.

### 2.4. Техничка опрема и средства за гаснење пожар и нивна разместеност

Член 20

За успешно завршување на задачите за заштита од пожари и заштита на луѓето и имотот, со Правилникот се пропишуваат и минималната техничка опрема и средства за гаснење на пожари, а предвидени со законските прописи и планот за заштита од пожари во Општина Кавадарци.

Моменталната опрема за ппз со која располага единицата на локалната самоуправа е:

- 9 противпожарни апарати, од кои:
  - 3 број – S-6
  - 3 број - S-9 и
  - 3 број – $CO_2$ - 5

- изведена надворешна хидрантска мрежа
- 1 број - надворешен хидрант

- Панични светла
- аларм

Заштитата од атмосферки празнења е решена со громобранска инсталација.

Во објектот има и лопати, скала, чекан, заштитни маски, водоинсталатерска лешта, лесни возила.

## 2.5. Мобилност на Територијалната противпожарна станица на Општина Кавадарци

Член 21

Основно во постапката е во случај на пожар да се обезбеди соодветно алармирање и благовремено активирање на сопствените сили, а посебно е значајна брзата дојава до најблиската противпожарна единица за настанатиот пожар.

Без оглед на големината на пожарот може неодложно е да се изврши дојава на територијална противпожарна единица, бидејќи колебањето во известувањето може да одземе драгоцено време, одлучувајќи за успешна интервенција.

Член 22

Територијалната противпожарна станица е мобилна 24 часа.

Член 23

Територијалната Противпожарната станица во Кавадарци е лоцирана на оддалеченост од околу 900m од зградата на Општина Кавадарци и времето на пристигнување на интервентното возило е за околу 3-4 минути.

Член 24

Во локацијата на објектот има лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила од пристапниот пат директно до самиот објект, пристапните патишта до објектот имаат носивост на конструкцијата на осовински притисок од 8 тони.

Распоредот на ПП возилата би бил како налага ситуацијата и раководителот на гаснењето на пожарот.

По доаѓањето на ТППЕ, директорот на установата му ги дава сите барани податоци и информации на командирот на ТППЕ кој раководи со гаснењето.

## 3. Начин на запознавање на вработените во единицата на локалната самоуправа со опасностите од пожари и експлозии, сврзано со соодветно работно место при стапувањето на работа и при распоредувањето од едно на друго работно место

Член 25

За унапредување и спроведување на мерките за заштита од пожар и експлозии во границите на своите должности одговорни се:

1. Советот на Општината,
2. Градоначалникот на Општината
3. Одговорни лица со посебни овластувања,
4. Вработените лица.

Советот на Општината најмалку еднаш годишно расправа за состојбите и проблемите за заштита од пожари и експлозии во установата.

Член 26

Во објекот на Општина Кавадарци се формираат сили за заштита и спасување.

Членовите на единиците се обучуваат за заштита и спасување од пожари и експлозии и за ракување со ПП опрема и апарати за гаснење пожари.

Во случај на пожар членовите на единицата се должни веднаш да пристапат кон гаснење на истиот и да ги извршуваат сите наредби на одговорното лице.

Член 27

Вработените во Општина Кавадарци имаат свои должности за заштита од пожари и експлозии.

За време на работа, ги извршуваат непосредните задачи и работи за заштита од пожари и експлозии во склад со законските и други нормативи и одредбите на овој Правилник како и налозите од непосредниот раководител на службата.

Тие го обиколуваат објектот, просториите и за воочените недостатоци и опасности од пожар, како и за неисправноста на ПП опремата и нејзината разместеност веднаш го известуваат директорот.

Редовно се информираат и стручно се усовршуваат од областа за заштита од пожари и експлозии.

Член 28

Вработените во Општина Кавадарци се должни да ја контролираат исправноста и употребливоста на ПП опремата и ПП апаратите, проодноста на ПП патеките,

правилната распореденост и застапеност на ПП апаратите, пристапите кон електричните разводни табли, влезовите во објектите.

Вработените во установата ги предупредуваат надлежните и одговорните лица за воочените неправилности.

Севисирањето на пп опремата се врши од страна на овластени правни лица.

### 3.1. Права и обврски на органите на единицата на локалната самоуправа

Член 29

Раководното лице при вршење на работите од областа на заштита од пожари и експлозии ги има следните права и должности:

1. Одговорен е за организирање на заштита од пожари и експлозии:
2. Во случај на одредени отстапувања или недостатоци, должен е да преземе мерки за отстранување на недостатоците,
3. Предлага разгледување на поодделни прашања на заштита од пожари и експлозии и преземање на мерки за нивно решавање,
4. Се залага за навремено донесување на Планот за заштита од пожари и другите акти од оваа област,
5. Навремено и прописно ги отстранува утврдените недостатоци,
6. Навремено и прописно врши набавка на средства и опрема за гаснење на пожари, нејзина употреба и сервисирање,
7. Ги информира вработените за состојбите, мерките и средствата што се преземаат за спроведување на унапредувањето на заштита од пожари и експлозии.

### 3.2. Права и обврски на вработените

Член 30

Вработените во единицата на локалната самоуправа - Општина Кавадарци се носители на работите и задачите, односно општите и посебните мерки за заштита на луѓето и имотот во склад со Законот, со овој Правилник и другите акти на установата, а особено:

1. Да организираат заштита на сите вредности со кои располагаат и сигурност на имотот од пожари.
2. Се придржуваат кон сите мерки за заштита од пожари и експлозии.
3. Да бараат помош од органите, организациите и лицата кои што оваа помош можат или мораат да ја дадат и да им укажат помош во склад со своите можности, а особено во гаснење на пожари и спречување на нивно ширење.

4. Да бидат навремено известени за појавите на загрозување на луѓето и имотот, со мерките и задачите кои се преземени за отстранување на последиците.

5. Да се оспособуваат и вршат проверка на знаење за непосредна примена на мерките за заштита, отстранување на причините како и нивните последици.

6. Во тек на работата и вон работното време да ја контролираат работата, функционирањето и исправноста на инсталациите и другите средства и секоја неисправност да ја пријават на надлежен орган.

7. Внимателно да ракуваат со опасните материи како што се нагризувачките, запалливите и експлозивните материи и материјали и да преземат мерки за заштита при нивно користење.

8. Да има непречен пристап до работните места за непречена употреба на средствата за гаснење пожар и други заштитни средства за отстранување на последиците.

9. Да користат лична заштитна опрема и средства.

10. Да пријават појава на пожар и да учествуваат во гаснење на истиот на начин пропишан во овој Правилник и други акти на установата.

### 3.3. Одговорност на вработените за непридржување кон пропишаните мерки

Член 31

Вработениот кој во делокругот на работа не ги исполнува задачите и обврските во врска со заштитата од пожари и експлозии и физичкото обезбедување на имотот прави техничка повреда на работните обврски.

Член 32

За потврда на работните обврски од член 9 на овој Правилник вработениот одговара по одредбите од Правилникот за дисциплинска – материјална одговорност на работниците.

Член 33

Вработениот кој поради непридржување кон пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии намерно или од невнимание предизвика материјална штета, должен е таа штета да ја надомести.

Непосредниот раководител штом дознае дека работникот за непридржување на пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии стори кривично дело должен е да го извести надлежното лице на единицата на локалната самоуправа.

## 4. Начин на обучување на вработените за учество во гаснење на пожари, ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари на единицата на локалната самоуправа

Член 34

Дел од вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци се оспособени за спроведување на превентивните мерки за заштита од пожари и експлозии, за гаснење на почетни пожари, а посебно треба да се оспособат за евакуација и спасување на луѓе и имот.

Член 35

Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци обезбедува вработените да бидат запознати со опасностите од пожар и експлозија.

Член 36

Обуката на вработените од областа на заштита од пожари се состои од теоретски и практичен дел. Обуката се врши на сите категории на вработени и на сите работни задачи во установата.

Член 37

Содржината на програмата за обука на вработените опфаќа:

1. Пожарните опасности, општи и посебни кои што го загрозуваат вработените и имотот;
2. Права и обврски на вработените во установата;
3. Организација на заштита од пожари;
4. Опрема и средства за гаснење на пожари;
5. Правилата за спасување на луѓе, дојава и гаснење на пожари.

Член 38

Содржината на програмата за обука на вработените од областа на заштита од пожари, се утврдува:

1. На основа на непосредно запознавање на изворите за заштита од пожари,
2. Во основа на техничко - технолошки и други документации.

Член 39

Програмата за обука да се темели врз основа на организационата состојба т.е. технолошката и кадровска состојба.

Член 40

Програмата за обука и нејзините измени и дополнувања ги изработува стручната служба на установата, а конечно ги утврдува директорот.

На изработката на програма за обука по потреба може да се ангажираат и надворешни соработници.

Член 41

Со програмата се утврдува содржината на секое работно место, потребната литература, потребно време на слушање и ако е обуката од семинарски тип и постапките кои што се во склад со Правилникот за заштита од пожари и експлозии.

Член 42

Проверувањето на знаењето после извршената обука од областа на заштита од пожари и експлозии се врши со тестирање. Тестовите ги составува посебна служба.

Член 43

Едукацијата на вработените од областа на заштита од пожари и експлозии да се обновува на секои две години по пат на теоретска обука и проверка на знаењето по пат на тестирање и практични вежби.

Член 44

Проверката на практичната оспособеност на вработените ја врши непосредниот раководител кој што ја вршел обуката на вработените или овластеното лице.

Член 45

Проверка на практичната оспособеност на вработените се врши на ново примените работници, како и на постојните вработени.

Лицето кое ќе покаже недоволно знаење и оспособеност ќе се обучува и понатаму.

Член 46

За извршената обука, односно проверка на оспособеноста се води потребна евиденција во која се внесени потребните податоци со доказ на извршената обука на вработените.

## 5. Распоред и време на испитување на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари

Член 47

За одржување на ПП средствата и ПП опремата се ангажираат надворешни правни лица овластени за технички преглед и сервисирање на пп опрема.

За секој пп апарат се води евиденција за датумот на сервисирање и на секој од нив има уреден картон заверен од овластено правно лице дека е извршен сервис, на кој што е впишан и датумот на нареден сервис.

Сервисирањето на пп апаратите се врши редовно.

Член 48

Средствата за гаснење на пожар се наоѓаат на пристапни, видни и означени места т.н. Пожарни пунктови, во просториите и објектот и истите секогаш се во исправна состојба.

Апаратите за гаснење на пожари се контролираат согласно упатството на производителот, а најмалку еднаш годишно.

## Преодни и завршни одредби

Член 49

Кршењето на одредбите од Законот за заштита и спасување и одредбите на овој Правилник повлекува дисциплинска и материјална одговорност.

Член 50

Овој Правилник мора да биде умножен во доволен број на примероци и да се подели на одговорните лица и да се запознаат сите вработени.

Член 51

Доколку одредбите на овој Правилник станат спротивни на ново донесените закони и прописи во тој случај ќе се променат нормите од ново донесените закони.

Член 52

Измената и дополнувањето на овој Правилник се врши на начин и постапка како и за негово донесување.

Член 53

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-3418/31**
**31.05.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи**

1. СЕ ОБЈАВУВА Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3674/32** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) а во врска со член 11 став 1 и став 4 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.34/2004....83/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.215/21), Методологијата за содржината на начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето („Службен Весник на Република Македонија“ бр.76/06) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница, одржана на ден 31.05.2022 година, донесе ,

**П Р О Ц Е Н А**
**на загрозеност од природни непогоди и други несреќи**

**Вовед**

Цел на процената на загрозеност на објектот на единицата на локалната самоуправа - Општина Кавадарци е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за можните опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, предвидување на можниот натамошен тек и последиците кои можат да бидат предизвикани од истите, со предлог превентивни и други мерки за заштита и спасување. Следејќи ги природните непогоди и други несреќи од поголем обем што го зафатиле непосредното подрачје во минатото, може да се констатира дека тие биле главно последица на дејствувањето на природните сили.

Катастрофалните последици кои што се резултат на природна непогода од поголем обем, покрај директните последици имале негативен одраз и врз стабилизацијата на стопанските текови, како и врз низа други прашања од општествените и стопанските движења.

Од друга страна, потенцијалните опасности од забрзаниот стопански развој, упатуваат на фактот дека подготовките за заштита и спасување од дејствата на природните непогоди и други несреќи претставуваат една исклучително важна потреба на регионот.

Природните непогоди настануваат како резултат на природните сили и тие се надвор од можност за влијание на човекот за спречување на нивното настанување.

Но затоа, пак, преку планирањето и спроведувањето на потребните мерки и активности, може да се влијае врз релативизирање, односно намалување на последиците кои што тие можат да ги предизвикаат.

Другите несреќи, пак, како што се пожарите, несреќи предизвикани од експлозии во технолошките процеси, радиоактивните зрачења, контаминациите со опасни материи, експлозиите на гасови, запаливи течности и гасови и итн. се несреќи кои што се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните професионални и други активности, како и резултат на невнимание при ракувањето со опасни материи и средства за работа при извршувањето на работните задачи и активности, манипулирањето, складирањето или при транспортот на истите. Ризиците за настанувањето на овие несреќи можат да се превенираат, односно може да се спречи нивното настанување, преку проценувањето на опасностите и планирањето и спроведувањето на потребните мерки и активности.

Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на објектот во кој е лоцирана општинската зграда на единицата на локалната самоуправа - Општина Кавадарци, се заснова на реалната проценка за можната загрозеност на вработените и посетителите, загрозеноста на објектот, материјалните добра, животната средина и природата, при што се поаѓа од најтешката варијанта на можни загрозувања, можностите за примена на мерките за заштита, како и расположливиот потенцијал на објектот во содејството со другите субјекти во системот за заштита и спасување од

природни непогоди и други несреќи од Општината Кавадарци како и во содејство со Републичките сили за заштита и спасување.

Генерално при проценување на загрозеноста на било кој субјект во Република Македонија, се користи Проценката на загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи и Проценката на загрозеност на територијата на која се наоѓа субјектот.

Водејќи се според Методологијата за содржината на начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето пред да се осврнеме детално на општите карактеристики на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци накратко ќе ги наведеме општите карактеристики на подрачјето каде што е лоциран објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци.

## 1. Општи карактеристики

### 1.1. Општи карактеристики за подрачјето на Општината Кавадарци

#### 1.1.1. Географска положба и големина на територијата или подрачјето

Општина Кавадарци се наоѓа во јужниот дел на Повардарието, чии граници допираат до границата со Грција (Општина Меглен, Егејска Македонија).

Општината ги зафаќа Тиквешијата и висорамнината Витачево и Тиквешкиот (Кавадаречкиот) дел на Мариово. Според површината, со 992,44 $km^2$, Кавадарци е втора најголема општина во Македонија, единствено помала од соседната Општина Прилеп.

Градот Кавадарци се наоѓа во средишниот дел на котлината и областа Тиквеш и претставува нејзино централно место. Оддалечен е 10 километри западно од најблискиот град Неготино, 105 километри јужно од главниот град Скопје, а западно преку Дреновската Клисура и превојот Плетвар е поврзан со Прилеп (51 км), кој продолжува кон Битола, Ресен и Охрид. Градот Кавадарци е распослан на двата брега на реката Луда Мара, во правец север-југ, и претставува рамничарска населба сместена на надморска височина од 278 метри.

**а) Макролокација на објектот**

Општинската зграда на Општина Кавадарци е лоцирана на Плоштад Маршал Тито бб во центарот на градот Кавадарци.

Местоположбата на објектот се наоѓа на надморска височина од 276 m, со географски координати 41°25'58.21" северна географска широчина и 22°00'44.45" источна географска должина.




*Приказ на макролокациска положба на објектот на Општинската зграда на Општина Кавадарци*

**б) Микролокација на објектот**

Општинската зграда на Општина Кавадарци е изградена на катастарската парцела КП 13138 во КО Кавадарци.

На предметната катастарска парцела има изградено објект кои се наоѓа на приземје и два спрата и е со вкупна внатрешна површина од 2.527 m$^2$.

Објектот е во сопственост на Општина Кавадарци.

На југ и исток од предметниот објект има станбени објекти, додека на западната страна поминува улица и на север е градскиот плоштад. Лепенка до зградата на општината е Центарот за социјални работи и има уште една зграда со 3 спрата.

**1.1.2. Релјефот, пошуменоста и основни карактеристики на земјиштето**

Релјефот на општина Кавадарци е разновиден. Околу реките Црна, Раец и Луда Мара е рамничарски дел, падински дел по падините на ридовите Љубаш, Козјак, Клепа и Раштани, планински дел и висорамнински дел по висорамнината Витачево. Ридско планинскиот дел зафаќа површина од 69,8% од вкупната територија и во голем дел е покриен со шуми и пасишта. Рамничарскиот дел зафаќа површина од 19,6% од територијата, а падинскиот дел 10,6% од територијата.Земјоделското земјиште е распоредено на различна надморска височина и тоа од 160 до 300 m кај рамничарскиот дел, 300 до 500 m кај падинскиот и од 550 до 950 m кај ридскиот дел.

Најстарите формации во Тиквешкиот регион имаат правец северозапад-југоисточно протегање и припаѓаат на внатрешниот дел на вардарската зона. Најдолниот палеозојски и амфиболско-хлоритски шкрилци со прослојци од мермери и серија на кварцно-серицитски и шкрилци со прослојци од мермери и

филити. По раседните структури во вардарската зона, форма на издолжени ленти и испрекинати леќи се појавуваат серпентинити и крајниот југозападен дел од Тиквешката област е претставен со мермери и доломити, веројатно со девонска старост. Преку серијата на палеозојските метаморфни карпи се развиени мезозојските формации, главно од доцниот креден период, а туронските песочници, конгломерати и масивни варовници се простираат кој југозападниот и западниот дел од областа Тиквеш.

По езерскиот период Тиквешката котлина останало најмногу глина и песок, а по нејзините краишта сочувани се трагови од езерски крајбрежни релјефи тераси од слоеви на палеозојски и мезозојски карпи.

Теренот на кој е лоцирана Општинската зграда на Општина Кавадарци е рамничарски.

### 1.1.3. Климатските услови

Во климатски поглед Тиквешкиот регион, а со тоа и градот Кавадарци претставува подрачје во кое се мешаат медитеранската, континенталната и планинската клима. Влијанието на медитеранската клима која продира од Егејското Море, по должината на реката Вардар, значајно влијае на зголемување на средната годишна температура. Тиквеш е еден од најтоплите реони во Македонија.

Неговата средна годишна температура изнесува 14.1° C. Најтопол месец во годината е Јули, со средна температура од 25,6° C.

Годишен просек на врнежи за целото подрачје изнесува околу 420 мм, од кои поголемиот дел спаѓа во вонвегетациониот период.

Со изградбата на акумулацијата, видно се измените климатските услови во Тиквешијата. Во последните десетина година, есенско-зимскиот период е доста богат со врнежи, што пак придонесува за снижување на просечните температура во овој регион. Летниот период се карактеризира со високи температури.

Климата е значаен фактор во повеќето стопански гранки, особено во земјоделието, водостопанството, туризмот и др.Општината Кавадарци се одликува со своевидна модификација на медитеранска клима. Од југ низ Демиркапијската клисура навлегуваат медитерански влијанија и ја преобразуваат областа во залив на медитеранска клима, додека на север преку Велешката клисура има северни студено континентални влијанија кои допринесуваат за снижување на зимските температури.

Просечната годишна температура на воздухот е 23,5° C, а во областа на Витачево и ридскиот предел од 12 - 10°C. Од ова се гледа дека постојат периоди со доста ниски температури кои се одразуваат на мразните денови. Температурната амплитуда изнесува 58,6°C, што е разлика меѓу апсолутно максималната 41,8°C и апсолутно минималната -17,8°C.

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2.426 часови годишно или 6,6 часови дневно со максимум во јуни 11 часови и август 10,8 часови.

Просечната годишна сума на врнежи изнесува 437 mm и е мошне мала во текот на вегатацијата (од 250-260mm) а во летните месеци се евидентирани и сушни периоди од 198 дена. Количината на врнежи е во правопропорционален однос со надморската висина и се движи од 500 mm во рамничарскиот предел до над 1200 mm на планините.

Свежиот покрив се јавува од декември со март, вистинскиот број на денови со снег е 22,1. Максималната височина на снегот достигнува 93 cm но тоа е ретка појава.

Од воздушните струења најчести се северниот и северозападниот ветар, од кои преовладува северниот ветар со средна годишна брзина од 2,2-3 m/sec.

Просечната годишна релативна влажност на взодухот изнесува 68% со максимум во декември и јануари 80% и минимум во јуни и август 55%.

Општина Кавадарци во однос на врнежите е еден од најсушните области во Републиката.

### 1.1.4. Хидрографска мрежа

Од хидролошки карактериски општината Кавадарци припаѓа на сливното подрачје на Црна река. Црна река припаѓа на сливот на реката Вардар.

Хидрографски Тиквеш е средно богат со реки и низ него течат Раечка Река, Дошница, Бошава, а низ Тиквешијата тече и Црна Река на која е изградено познатото вештачко Тиквешко Езеро кое е едно од најголемите вештачки езера во Република Македонија. Во Тиквешијата се изградени и 2 хидроцентрали за добивање електрична енергија: „ХЕЦ Тиквеш", „ХЕЦ Дошница".

Тиквешкото езеро се наоѓа во јужниот дел од државата во кањонот на реката Црна и е одалечено 12 км од Кавадарци, односно 3 км јужно од селото Возарци. Се наоѓа на надморска височина од 165 м и има конусна форма, а се протега во правец северо-југ. Тиквешкото Езеро на север се граничи со вештачки создадената брана во близина на с.Возарци, на исток со атарите на населените места: Брушани, Ресава, Бегниште и Куманичево, како и висорамнината Витачево, на запад се граничи со атарите на с.Добротино, Праведник и планината Вишешница, а на југ со Мрежичко и Клиново.

Тиквешкото езеро по површина е најголемо вештачко езеро во Македонија. Езерото има површина од 14 км кв., во должина од 28,5 км, а просечно е широко 500 м. Најголемата длабочина на езерото изнесува 105 м. Вкупната бруто-зафатнина во езерото изнасува 475 милиони м кубни вода.

Водата од Тиквешкото Езеро се користи за наводнување и за добивање на електрична енергија. Наводнувањето се врши преку хидросистемот „Тиквеш", а во близина на браната е подигната хидроцентралата Тиквеш. Како главен извор за полнење на вода на Тиквешкото езеро се Црна и Драгор.

Подземните води во општината не се истражувани. Тие се појавуваат непосредно покрај Црна река и реката Луда Мара, но како високи подземни води и мочуришта не се присутни.

Во непосредна близина на објектот нема поток, извори или речно корито на река.

## 1.2. Општи карактеристики на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци

### 1.2.1. Дејноста и нејзиното влијание на можноста за предизвикување на природните непогоди и други несреќи

Општина Кавадарци е регистрирана во организационен облик 01.4 – единица на локалната самоуправа со приоритетна дејност со шифра 84.11 – општи дејности на јавната управа.

Седиштето е регистрирана на Плоштад Маршал Тито бб во центарот на градот Кавадарци, општина Кавадарци.

Тековното извршување на дејноста не може да биде непосредна причина за настанување на природна непогода.

Со квалитативна и квантитативна анализа на објектот и проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, може да се извлечат заклучоци и мерки за ефикасна заштита од загрозеност од природните непогоди и други несреќи.

При проектирањето на објектот, запазени се сите технички нормативи за проектирање и градење на ваков вид на објекти, како во поглед на обезбедување на непречен пристап и движење на противпожарните возила така и во поглед на соодветни заштитни мерки во самиот објект.

### 1.2.2. Влијанието на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста

Природните непогоди најчесто се резултат на виша сила и нивното настанување не може да се спречи, но сите субјекти согласно регулативата за заштита и спасување можат да преземаат превентивни и оперативни мерки со цел избегнување или намалување на штетните последици кои што можат да бидат фатални по човечките животи и по животната средина.

Настанувањето на евентуална природна непогода или несреќа може штетно да се одрази врз нормалното одвивање на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, но евентуалната природна непогода или несреќа треба да биде од поголем обем.

Можноста за настанување на природна непогода или несреќа и нејзиното влијание врз дејноста ќе бидат детално разработени во поединечната процена за настанување на природна непогода или несреќа.

### 1.2.3. Податоци за капацитетот на објектот

Објектот во кој што се извршува дејноста во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци е лоциран Плоштад Маршал Тито бб во центарот на градот Кавадарци.

Внатрешниот простор на Општинската зграда на Општина Кавадарци е поделен согласно потребите за извршување на дејноста.

Објектот е на приземје и два ката и е со вкупна внатрешна површина од 2.527 m$^2$. Во објектот има Сала за Советот на Општината, канцеларии, бифе, тоалети и помошни простории.

Целата конструкција на објект е изградена од тврда градба, изведена од бетонско-армира основа. Покривот е покриен со лим. Вратите и прозорците се од алуминиум, а некои внатрешни врати се изработени од дрво. Подовите се од паркет и ламинат.



приземје




спрат 1




Спрат 2

Шематски приказ на објектот

Работните простории на објектот се опремени со опрема за пп заштита и тоа:

- 9 противпожарни апарати, од кои:
  - 3 број – S-6
  - 3 број - S-9 и
  - 3 број – $CO_2$ - 5

- изведена надворешна хидрантска мрежа
- 1 број - надворешен хидрант
- Панични светла
- аларм

Заштитата од атмосферки празнења е решена со громобранска инсталација.

Во објектот има и лопати, скала, чекан, заштитни маски, водоинсталатерска лешта, лесни возила.

**1.2.4. Густина на изграденост на стопанските и други објекти и нивната карактеристика од важност за заштита од природни непогоди и други несреќи**

При планирање и изградба на објектот биле земени во предвид основните елементи за спасување и евакуација, а посебно:

- во која мерка во иднина објектите ќе ја загрозуваат својата околина и колку околните објекти ќе влијаат на степенот на опасност од пожар, експлозија, земјотрес и други опасности (рушење, гасови и др),
- оддалеченост на сообраќајниците од предметниот објект и можноста за брза интервенција за гасење пожар и евакуација и спасување на луѓето и загрозените материјални добра,
- конструктивна сигурност, конструктивна јакост на материјалите и огноотпорност на објектот,
- снабдување со вода за гасење пожари,
- интензитет на топлотно зрачење низ отворите на објектот,
- пожарно оптеретување на објектот.

**1.2.5. Сообраќајна инфрастуктура**

Дворното место на кое се надоврзува и градскиот плоштад каде што се наоѓа објектот е со доволна површина така што пред објектот обезбедена е соодветна површина за непрекинато движење.

Излезот на објектот на градскиот плоштад и околните улици како и ширината на самиот коловоз овозможуваат несметан пристап на интервентни возила во случај на несреќа.

Територијалната Противпожарната станица во Кавадарци е лоцирана на оддалеченост од околу 900 метри од Општинската зграда на Општина Кавадарци.

Времето на пристигнување на ПП возилата до предметниот објект, во случај на пожар е околу 3-4 минути.



Приказ на околните улици и пристапните патеки

### 1.2.6. Број на вработени

При анализирање на можноста од настанување на загрозеност од природни непогоди и други несреќи неминовно се наметнува потребата од опис на работниот процес и давање на аналитички податоци за бројот на вработените.

Ова е потребно од причина што во некои објекти самиот процес на работа или преголемиот број на вработени можат да придонесат за настанува на одредена непогода или несреќа, како на пример пожар.

Во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, работните активности на вработените се преземаат со општи дејности на јавната управа.

За извршување на предвидените работни активности во Општина Кавадарци има вкупно 111 вработени распоредени на следните работни места, сектори и одделенија:

- Градоначалник
- Секретар на Општината

1.Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

1.1. Одделение за урбанизам

1.2 Одделение за комунални дејности

1.3 Одделение за заштита на животна средина

2. Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште

2.1 Одделение за уредување на градежно земјиште

2.2 Одделение за располагање со градежно земјиште

3. Сектор за правно – нормативни и општи работи

3.1. Одделение за правни и општи работи

3.2. Одделение за работи на градоначалникот и односи со јавноста

3.3 Одделение за организација на работата на советот на општината

4. Сектор за финансиски прашања

4.1. Одделение за буџетска координација

4.2 Одделение за буџетска контрола

4.3 Одделение за сметководство и плаќање

4.4. Одделение за администрирање на даноци и такси

5. Сектор за јавни набавки

5.1. Одделение за администрирање на постапки за јавни набавки

5.2. Одделение за планирање и спроведување на јавни набавки

6. Сектор за локален економски развој

6.1. Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација

6.2. Одделение за поддршка на бизнис секторот

6.3 Одделение за информатичко комуникациска технологија

7.Сектор за јавни дејности и култура

7.1 Одделение за култура и јавни настани

7.2 Одделение за услуги за граѓани

8. Сектор за образование и спорт

8.1 Одделение за образование и спорт

8.2 Дделение за предучилишна, социјална и детска заштита

9. Сектор за управување со човечки ресурси

9.1 Одделение за управување со човечки ресурси

9.2 Одделение за обуки и оценување

10. Сектор за техничко логистичка поддршка и мониторинг

10.1 Одделение за техничко логистичка поддршка

10.2 Одделение „МОЈ ОПШТИНАР“

11. Одделение за инспекциски надзор

12. Одделение за внатрешна ревизија

Во текот на работното време во објектот има присутни и граѓани кои бараат различни услуги од општинската администрација.

## 2. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во секојдневниот живот човекот се сретнува со голем број на природни непогоди и други несреќи. Тој ги набљудува и проучува со цел да пронајде соодветни мерки за одбрана од нив. Денес одбраната и заштитата од елементарни непогоди се организира на највисоко ниво во институциите на општеството. Под природни непогоди и други несреќи се подразбираат вонредни ситуациии кои настанале поради природни појави како што се: земјотресите, поплавите, лизгање на теренот, ерозивни процеси, снежни наноси, како и разни видови на технички катастрофи. Освен природните непогоди и други несреќи можат да настанат и појави со катастрофални последици каде што фактор е човекот со својата активност како што се техничко технолошките катастрофи, потоа епидемии и други вонредни ситуации.

Процената на загрозеноста од природните непогоди и други несреќи всушност ги претставува анализата на видот, обемот, степенот и веројатноста на појава на опасност на зафатениот простор од нив. Исто така проценката служи како основа за преземање на мерки за одбрана и заштита односно сведување на опасностите на најниско ниво, а сето тоа овозможено преку развојот на науката, техниката и технологијата кои овозможуваат следење и проценка на загрозеноста. Разгледувајќи ги природните непогоди и други несреќи како природни појави, пожарот и поплавите ги ставаме во категорија на појави што можат да се контролираат и превентивно да се дејствува на нивното дејство, додека земјотресот како природна непогода е појава која се јавува брзо и ненадејно, при што човекот не е во состојба да ги предвиди однапред и да преземе мерки за нивно превентивно дејствување.

### 2.1. Евакуација

Евакуација е целисходно, организирано и ефикасно напуштање на објектот или местото кое е погодено од природна непогода како би се избегнале поголеми загуби во човечки животи и материјални добра.

Евакуацијата е:

- целосходна, бидејќи се темели на разни одлуки на овластени лица и служби,
- организирана, бидејќи треба да се спроведе со планот за евакуација,
- ефикасна, бидејќи мора да се изведе брзо, со максимална сигурност по луѓето и материјалните добра кои се евакуираат.

Спасување е организирано спроведување на мерки и активности за давање помош и напуштање на објектот, местото погодено од природната непогода од луѓето кои се директно погодени, а кои поради изненадните околности предизвикани од природната непогода не можат сами да ги напуштат тие места и објекти, а при тоа лицето што ја спроведува оваа мерка не биде и самото загрозено.

Изненадни случувања кои можат да го загрозат животот на луѓето и материјалните добра поради кои мора да се изврши евакуација се делат во две групи и тоа:

а) внатрешни извори на опасност (пожар, експлозија, паника),

б) надворешни извори на опасност (земјотрес, поплава, удари од гром, олуи, енормни врнежи од снег и дожд, падавини од град и слично).

Видови на евакуација:

Постојат два вида на евакуација и тоа:

а) превентивна евакуација,

б) неопходна евакуација.

Превентивна евакуација - се спроведува кога се очекува некоја природна непогода (непогодата не е настаната, но голема е веројатноста да се случи) ги опфаќа или содржи следниве постапки:

- евакуација на сите лица кои се наоѓаат во објектите,
- преземање на мерки за спречување на можна паника,
- исклучување на сите врсти на енергија во можно загрозениот простор,
- известување на професионалните служби и овластените лица кои се одредени со евакуациониот план за предвидливите опасности и последици, можностите и потребите на давање на помош надвор од објектите.

Неопходна евакуација - се спроведува во што пократок рок кога се случила изненадна природна непогода, а ги опфаќа следниве постапки:

- брза евакуација на сите лица од погодениот објект од природна непогода,
- преземање на мерки и активности за спречување на паника,
- исклучување на сите видови енергија во загрозениот простор,
- известување на професионалните служби и овластени лица кои се одредени со евакуациониот план за опасностите и последиците, можностите и потребите за давање на помош надвор од објектите.

**Мерки за евакуација:**

Во случај на природна непогода или друга несреќа предизвикана од човечки фактор, првата мерка што треба да се преземе е организирано и брзо напуштање на загрозените простории односно преместување на безбедни места, во прво време во дворот на објектот. Целата постапка треба да се одвива смирено, со брзо одење и без предизвикување на паника.

Во случај на непогода доколку дојде до потреба за евакуација други мерки и активности што треба да се преземат се следниве:

- доколку се работи за пожар лицето кое ќе го забележи веднаш да пристапи кон негово локализирање и веднаш да го извести претпоставениот и ако се работи за пожар од поголем размер да се извести територијалната противпожарната единица,
- вработените треба да преземаат мерки за евакуација и доколку се јави опасност од пожар на соседните објекти,
- било кој од вработените треба да даде тревога за напуштање на објектите,
- веднаш да се отворат сите главни и споредни излези каде што има услови,
- на знакот за тревога од вработените се формира протипожарен тим за преземање активности за заштита и спасување,
- за време на тревогата се организира група за обезбедување со задача да ги отстранат неповиканите лица, да ја спречува паниката, да го разчистува просторот и да овозможува непречено доаѓање и приоѓање на противпожарните возила, возила на итна медицинска помош или други возила,
- да се исклучи електричната инсталација,
- да се спречи и контролира непотребно повторно влегување,
- да се провери дали сите се евакуирани.

**Знаци за евакуација:**

Знаците за евакуација треба да бидат разбирливи и мора да се води сметка да се избегне групирање на поголем број знаци на едно место. Знаците не смеат да се поставуваат на подвижни предмети како што се: врата, прозор и слично, кои кога ќе се поместат ќе го тргнат или покријат знакот и ќе дадат погрешно толкување. Исто така знаците треба да бидат обележани со видлива и во воочлива боја. Кога ќе престанат причините поради кои некој знак е поставен тогаш тој треба да се тргне бидејќи понатамошното дејство на евакуација можат да имаат спротивен ефект, или може да имаат негативен ефект. Знаците треба да бидат употребливи и по ден и по ноќ. Знаците се поставуваат на висина од 1,5 m до 2 m на линија на гледање, а на влезовите и излезите над самата врата.

За обезбедување на успешна евакуација во објектот –Општинска зграда на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, потребно е да има координација на ниво на локалната самоуправа, Дирекцијата за заштита и спасување и другите институции за начините на постапување во случај на природни непогоди и други несреќи.

Кога станува збор за евакуација на вработените и сите други присутни лица во објектот важно е да се напомене дека на предметната локација има доволен број на излези што овозможуваат брза и безбедна евакуација.

Овој објект е лоциран така што има лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила од пристапниот пат директно до локацијата на објектот.

При евентуална опасност мора да се даде тревога со цел сите вработени и присутни во објектот да го напуштат истиот, се проценува дека речиси сите присутни би биле способни самостојно да се движат кон незагрозено подрачје, освен доколку при самата несреќа дојде до повреда кај некој од присутните.

При евакуацијата луѓето треба да се движат кон дворот на објектот, односно што е можно на поголема оддалеченост од загрозениот објект.

Евакуацијата ќе ја спроведуваат вработените задолжени во Штабот за заштита и спасување и во Универзалната единица за заштита и спасување, согласно Планот за заштита и спасување. Доколку тие не можат да спроведат успешна евакуација на сите присутни лица и материјални добра тогаш се должни да побаат помош од Дирекцијата за заштита и спасување и од другите надлежни институции во Општината Кавадарци.

Во случај на непосредна опасност од било каква несреќа најпрво треба да се пристапи кон евакуација на луѓето а потоа на материјалните добра.

## 2.2. Засолнување

Засолнувањето опфаќа мерки и активности за планирање, изградба, одржување и користење на засолништа и други заштитни објекти, со што се обезбедува заштитата и спасувањето на вработените.

Законот за заштита и спасување предвидува дека е неоходно да постојат јавни засолништа, чија намена би била згрижување на населението во случај на несреќа од поголеми размери. Но ваквата обврска неминовно се наметнува и за установите од причина што можат да настанат несреќи само на подрачјето каде што се лоцирани нивните деловни објекти, па да се јави потреба од засолнување со цел спасување на вработените.

Посебни засолништа на предметната локација нема што значи дека вработените во зависност од карактерот на несреќата би можеле да се засолнат во незагрозени простории од објектот или на збирното место во дворот на објектот - градскиот плоштад кој е во продолжение (при пожар, земјотрес и сл.).

Дворното место и градскиот плоштад кој е во продолжение е со доволна површина така што е овозможено означување на безбедно збирно место.

Се проценува дека, доколку непосредното подрачје биде зафатено со определена несреќа или природна непогода, со цел успешна реализација на мерката засолнување вработените се должни да се придржуваат кон процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општината, како и да побараат помош од надлежните институции на општината.

## 2.3. Згрижување

Мерката за згрижување е неопходна при процена на опасности и при преземање на мерки со цел заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Имено доколку објектот биде зафатен со било каква несреќа од поголем карактер се проценува дека постои опасност да дојде до повреда, но на помал број луѓе, поради бројот на вработени и карактерот на дејноста.

Вработените мора да бидат организирани во случај на несреќа да се преземаат активности за згрижување на повредените и настраданите, но согласно Уредбата за спроведување на мерката згрижување на настрадано и загрозено население (Сл.Весник на РМ бр.100/10), Републиката и единиците на локалната самоуправа обезбедуваат сместување и итно згрижување. Имено, кон постапување по овие мерки, кои не се во контекст на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци ќе се придржува кон Плановите донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно ќе се придржува на Плановите за згрижување на настрадано и загрозено население на Општината Кавадарци.

Вработените се должни да побараат помош од надлежните институции на локалната самоуправа.

## 2.4. Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и акциденти со опасни материи

Современите услови на живеење и работа, како и се поизразениот технолошки развој, во голема мера придонесуваат за зголемување на степенот на загрозеност на целата територија на Република Македонија од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и акциденти предизвикани со опасни материи.

Кога станува збор за анализа на мерката загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација на објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци, треба пред сè да се нагласи дека за изведување на својата трговска дејност не доаѓаат во контакт со опасни материи кои што можат да доведат до хемиска контаминација во водата, воздухот и почвата.

Во објектот на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци опасност од радиолошка и биолошка контаминација нема при тековното изведување на дејноста.

Таквата опасност за вработените постои непосредно само доколку настане поголема хаварија (на пример доколку дојде до акцеденти во некоја од нуклеарните централи во соседните држави) и доколку биде загрозена целата територија на градот Кавадарци или пак територијата на Република Македонија.

## 2.5. Загрозеност од урнатини

Земјотресите претставуваат природна појава која предизвикува страв, паника, големи човечки жртви и материјални загуби. Оваа појава го следи човекот во текот на целата негова историја. Графички приказ на очекуваните интензитети на земјотреси во MCS (Mercali-Cancani-Siberg), сеизмичност на теренот на целата република е прикажан на долната слика.

### *Параметри на земјотресите и нивна процена*

Во основни геометриско - физички карактеристики на земјотресите спаѓаат:

- интензитетот на потресот во епицентарот,
- иензитетот на потресот надвор од епицентарот,
- длабочина на огништето,
- радиус на потресот или место каде што најмалку се осетил,
- енергетска класа на земјотресот,
- магнитуда на земјотресот,
- коефициент на опаѓање на интензитетот,
- површини ограничени со различен интензитет на потресот,
- фрекфренција на потресот,
- сеизмички ризик.




Fig. 1 Tectonic Zonation of Republic of Macedonia

Сеизмичка карта на Република Македонија

### *Интензитет на земјотресот*

Еден земјотрес има една магнитуда и безброј интензитети. Интензитетот се мери во степени кои се бездимензионални величини, и врз основа на скалата на интензитетот.

### *Поделбата на земјотресите според интензитетот*

Процената на обемот и степенот на загрозеноста од земјотреси во објектот односно степенот на оштетување од аспект на механичката отпорност, обемот и степенот на последиците, можностите за спасување и асанација на објектите се утврдува како:

- без видливи последици,
- лесни оштетувања,
- умерни оштетувања,
- тешки оштетувања,
- разорување,
- тотални оштетувања.

Околу 90% од земјотресите спаѓаат во тектонски земјотреси, мал дел се вулкански и урвински. Освен овие земјотреси можат да се јават и вештачките земјотреси кои настануваат поради техничко делување на човекот и експлозиите. Може да достигне и јачина на прав земјотрес односно при одредување на јачината треба да се земе предвид количината на експлозивот и радиусот на епицентралното растојание.

Проценката на загрозеноста и повредливоста од земјотресите во објектот на Општинска зграда на Општина Кавадарци се врши врз основа на предходните анализи и случувања.

Сеизмичката активност на територијата на Македонија е концетрирана во повеќе сеизмогени подрачја кои во однос на јачината на настанатите и очекуваните земјотреси се класифицирани во категории од прв, втор и трет ред. Сеизмигените извори од прв ред се регионите каде што се случени земјотреси со M=6.1–7.8, односно се очекуваат земјотреси со максимални магнитуди M=6.5–8.0, сизмигените извори од втор ред се регионите каде што се случени потреси со M=4.5–5.7, односно се очекуваат земјотреси со максимални магнитуди M=5.5–6.0 и сеизмигените извори од прв ред се карактеризираат со магнитуда на потреси M=4.0-4.5.

Објектот - Општинска зграда на Општина Кавадарци се наоѓа на подрачјето на Општина Кавадарци.

При анализирањето на можноста на објектот да биде загрозен од земјотреси освен карактериските за опасноста од појава на земјотреси на подрачјето на општината Кавадарци неминовно се наметнува потребата и од детално анализирање на општите карактериски, дадени во точка 1.2.

Во однос на просторната поставеност, проценето е дека во непосредна близина од двете страни има други објекти, па според тоа опасноста при евентуално уривање на соседен објект не е исклучена.

Објектот на Општинска зграда на Општина Кавадарци е изграден со тврда градба (армирано бетонска конструкција), така што се проценува дека истиот е со поголем степен на отпорност на потреси.

Можноста за уривање на објектот при појава на земјотрес од поголем интензитет не е исклучена.

Се проценува дека постои загрозеност на објектот од земјотрес, соодветно на тоа ќе бидат предложени превентивни и корективни мерки за заштита на луѓето и материјалните средства.

**2.6. Загрозеност од поплави**

Под поимот поплава се подразбира постепено поплавување на теренот со излевање на водите од природните и вештачките водотеци како последица на високи водостои, пробивање или рушење на насипи, вештачи акумулации, како и поплавување на теренот од последиците на абнормални хидролошки ситуации, големи количества на паднат дожд при што доаѓа до прелевање на реките и езерата. Поплавените води може да ги покријат површините изложени на поплави за неколку часа, како што е случајот со ненадејните поплави или да се задржи неколку недели, како што е случај со есенскиот и пролетниот период.

Причини за настанувањето на поплавите може да се поделат на:

- поплави настанати поради јаки врнежи,
- поплави настанати поради зголемување на мразот во водотеците,
- поплави настанати поради лизгање на земјиштето или потреси,
- поплави настанати поради рушење на брани и воени дејствија,
- поплави настанати поради промени во речните текови како последица на урбанизацијата.

Додека повеќето од поплавите се појавуваат поради една причина, најголемите поплави се појавуваат како резултат на взаемно дејство од две или повеќе причини како што е силен дожд во комбинација со пролетно истекување на водите од истопениот снег. Честопати се случува да количеството на вода од интензивни дождови го надмине носивиот капацитет на одводниот систем при што се создава застој во системот и поплавување на подруми или улици.

При проценка на загрозеноста од поплави на одредено место треба да се опфатат следниве параметри:

- причина поради која настанала поплавата,
- големина на зафатеното подрачје,
- времетраење на поплавувањето,
- висина на поплавениот бран,
- вкупната количина на водена маса,
- брзина на поплавениот бран,
- количината на наносот и другите продукти на поплавувањето.

При анализирањето на можностите од наставување на поплава на подрачјето на предметниот објект, неминовно се јавува потребата да се земат во предвид факторите кои влијаат да дојде по поплава во целокупното подрачје на Општината Кавадарци.

Фекалните и водите од одржување на хигиената од објектот се одведуваат во канализационата мрежа на Општина Кавадарци. Но сепак предвидени се мерки за одводнување со пумпи, како и вреќи со песок за насипи.

Атмосферските води од објектот и површините од објектот се одведуваат во предвидена атмосферска канализација по пат на гравитација, и со тоа се намалува опасноста од полнење на објектот со атмосферска вода.

За да дојде до евентуално поплавување во внатрешноста на работните простории и загрозување на вработените, тоа би била предизвикано од големи врнежи од дожд со голем интензитет, како и со зголемување на нивото на подземните води. За таа цел предвидени се мерки за одводување со пумпи при надоаѓање на подземната вода, како и вреќи со песок.

Иако е мала веројатноста, сепак опасност од поплава постои, па според тоа во Планот за заштита и спасување ќе бидат предложени превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување од поплава.

Посредно кон заштитата од поплава на објектот ќе влијаат и мерките за заштита од поплава кои се предложени во Процената на загрозеност на Општината Кавадарци.

## 2.7. Загрозеност од пожари и експлозии

***Поим за пожар***

Под горење, оган или пожар се подразбира хемиски процес проследен со појава на светлина (пламен) и ослободување на топлотна енергија и чад. До пожар може да дојде под следниве услови:

- ако е присутна материја што гори,
- ако е присутен воздух со кислород,
- ако постои потребна топлотна енергија (извор на палење) за материјалот да се загрее до одредена температура на палење.

Ако не е исполнет еден од овие услови до пожар не може да дојде или ако во текот на гаснењето се прекине еден од овие услови огнот ќе се угаси.

Запалливи материи се нарекуваат материите кои можат под нормални услови да се запалат, а потоа да продолжат да горат. Запалливите материи се наоѓаат во три агрегатни состојби: тврда, течна и гасовита.

Причини за настанување на пожар има многу. Врз основа на досегашните искуства ќе бидат опишани најчестите, како и оние кои се последица на човековото невнимание и грешки.

***Електрична енергија (инсталација)***

Неисправноста на електричните уреди, инсталации и опрема, нивното неправилно резместување и користење најчесто доведува до појава на пожари и експлозии. Во тоа, доста важно место завзема преоптовареноста на електричните инсталации заради поголем број на приклучни потрошувачи на електрична енергија. Во тие услови доаѓа до прегревање на проводниците и појава на пожар. Голем број пожари предизвикува и преоптовареноста на електричните броила (струјомери), по што доаѓа до пожар на нив и на останатиот дел од разводната плоча (или ормар) и инсталацијата. Посебна опасност претставуваат премостените осигурувачи со голем број на ланци со различна дебелина. Заради преоптовареноста проводниците повеќе се загреваат, од дозволеното и предизвикуваат пожар на изолацијата, која понатаму се шири на најблиските запалливи предмети.

Кусите врски, настанати на механички оштетените изолации или заради влага, предизвикуваат искрење, електричен лак и загревањето на проводниците што доведува до пожар. До пожар исто така доведува и техничката неисправност на електричните уреди, како што се трансформаторите, прекинувачите, намотките, штекерите и др.

***Пушење и кибрит***

Голем број на пожари кај нас и во светот ги предизвикуваат пушачите заради невнимателниот однос со приборот за пушење и отпушоците, а посебно во објекти во кои има лесно запаливи материи. Најчесто, причина за пожар е исфрлено чкорче од кибрит или отпушок од цигара, бидејќи тие можат да запалат разни лесно запаливи материи (гасови.пареи, хартија) и др.

***Искри и отворен пламен***

Секое искрење може во погодна средина да доведе до пожар. Во просториите, искрење предизвикува брусењето, заварувањето, употребата на челичен алат, испаѓањето на вжарени предмети, статички електрицитет и др.

***Неред и нечистота***

Нередот и нечистотата во работните простории може да бидат причина за настанување и ширење на пожар. Во отпадоците и отпадните материи се јавуваат тешко воочливи жаришта кои со тлеење покасно се претвораат во гориво кое овозможува и ширење на пожар.

***Природни појави***

Природните појави, како што се сонцето и громот (атмосферско електрично ударно празнење) можат да предизвикаат пожар и експлозија. Сонцето е најчеста причина за самозапалување. Ударот на гром е чест причинител за пожари, посебно во подрачјата каде се чести атмосферските празнења.

## Причини за настанување пожар во деловни и јавни објекти

Во последните 10 години како причина за појава на пожари во деловните објекти се јавуваат:

| **Причини за појава на пожар:** | **Процентуална застапеност:** |
|---|---|
| Електрични апарати и уреди | 28,3 |
| Триење | 27,55 |
| Електрични проводници – куса врска | 15,85 |
| Загреани проводници | 2,65 |
| Преоптоварување | - |
| Самозапалување | 2,26 |
| Оштетување – дефект | 1,89 |
| Отворен пламен | 1,13 |
| Заварување | 1,13 |
| Градежни недостатоци | 0,75 |
| Ложишта – огништа | 0,75 |
| Рушење | 0,75 |
| Статички електрицитет | 0,38 |
| Брусење | 0,38 |
| Експлозии | 0,38 |
| Останати причини | 3,40 |
| Неутврдено | 12,45 |

Од податоците за можните причини за појава на пожари се гледа дека преку 45% пожари настануваат поради недостатоци во електричните инсталации или електричните апарати и уреди. Основната причина е тоа што застарените електрични инсталации не се менуваат, а и одржувањето на инсталациите не е на добро ниво.

Во однос на локациската поставеност на објектот може да се каже во непосредната околина истиот не е сместен во густо населениот дел од градот Кавадарци.

Пожар може да се јави во некои делови од објектот па доколку навремено не бидат преземени мерки за справување на истиот, би можел да се рашири на непосредното подрачје и да нанесе штета.

Се проценува дека опасност од појава на пожар во работните простории постои, па поради тоа во интерес на безбедноста на луѓето кои работат и престојуваат во просториите на овој објект за нивна заштита од пожари и непречена евакуација се преземени следните мерки:

- за гасење на евентуален почетен пожар во објектот има поставено пп апарати
- во локацијата на објектот има лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила од пристапниот пат директно до самиот објект

- пристапните патишта до објектот се рамни и со доволна ширина и не претставуваат пречка за противпожарните возила
- внатрешната комуникација во објектот функционално е поврзана со излезите
- објектот е изграден со примена на незапаливи градежни материјали кои имаат пожарна отпорност во времетраење од најмалку два часа
- во објектот се поставени разводни табли во која се наоѓаат осигурачи за заштита на електричните проводници од електричната инсталација од куса врска

Територијалната противпожарна станица во Кавадарци се наоѓа на оддалеченост од околу 900 метри и времето на пристигнување на интервентното возило е околу 3-4 минути.

Врз основа на вака проценетата опасност од пожар детално мерките со цел успешно справување со евантуален пожар ќе бидат образложени во Планот за заштита и спасување.

## 2.8. Загрозеност од неексплодирани убојни средства

При анализирање на можноста предметнио објектот да биде загрозен од неексплодирани убојни средства неминовно се наметнува потребата од повикување на анализата која што е направена во Проценката на загрозеност на целата територија на Република Македонија, според која постои опасност од неексплодирани убојни средства на речиси низ целата територија на Република Македонија, но карактеристични подрачја во кои има најголема концентрација на НУС се:

- Битолското подрачје,
- Прилепско - Мариовското подрачје,
- Дојранско - Гевгелиското подрчје,
- Охридско - Дебарското подрачје.

Со оглед на фактот дека според Проценката на загрозеност на Република Македонија постои опасност од НУС на целата територија на државата, посредно постои опасност и за подрачјето каде што е сместен предметниот објект.

Важно е да се нагласи дека и во Проценката на загрозеност и во Планот за заштита и спасување за Општинско за Општинска зграда на Општина Кавадарци, нема да се даваат мерки за заштита и спасување од НУС, од причина што пронаоѓање на НУС и нивно уништување, како мерка за заштита на населението и материјалните добра спаѓа во рамките на редовните надлежности на Дирекцијата за заштита и спасување и при евентуално сомнение за опасност од НУС вработените се должни веднаш да побараат помош од Дирекцијата за заштита и спасување - подрачното одделение Кавадарци.

## 2.9. Прва медицинска помош

Иако може да се очекува брзо пристигнување на стручна медицинска помош и повредените лица брзо да се транспортираат до најблиската здравствена установа на градот Кавадарци, сепак од непроценлива важност е познавање на основните работи за давање прва помош од страна на вработените.

Имајќи ги во предвид сите видови опасности потребно е благовремено и редовно објектот да се опремува и обучува со средства за прва медицинска помош кои можат да бидат прирачни и специјални. Потребен е посебен ангажман за обезбедување на средствата за прва помош и неопходна санитетска опрема. Задолжително запознавање на вработените со какви средства се располага и каде овие средства се чуваат и начинот на нивната употреба.

Во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци има вработени кои се обучени за давање на прва помош и вработени кои имаат обука за противпожарна заштита.

ПМП се спроведува со цел спасување на животот на повредените и спречување на инвалидитет. Таа се дава на лице место каде што ќе се затече повреденото лице. За време на помасовни катастрофи кога ќе има поголем број на повредени, вработени или присутни во објектот, ПМП ќе се спроведува преку следните постапки:

- Преглед проценка на видот и бројот на повредените,
- Јавување и барање помош од екипи за стручна медицинска помош и
- Укажување на прва медицинска помош ја вршат само добро обучени лица од тимот за ПМП и други вработени кои следеле курс за ПМП и кои добро се обучиле за правилно укажување на ПМП односно ги совладале следниве постапки за укажување на прва помош:

**Постапка со повредениот**

Преглед на повредениот - состојби кои бараат неодложна помош, (губење свест, вештачко дишење, надворешна масажа на срцето, вештачко дишење и масажа на срцето),

- Постапка при давење,
- Постапка при повреда од електрична енергија,
- Скршеници на коските (имобилизациоја на скршеници, повреда на глава, повреда на вратот, градниот кош, стомакот, 'рбетниот столб, карличната коска),
- Постапување при топлотни и хемиски повреди, труење со гасови и сл.

По успешно укажаната ПМП следува транспорт до здраствена установа или на предходно поставен пункт за таа намена. Санитетскиот транспорт е најдобро да се изведе со санитетско возило за сериозно повредените, а за останатите транспортот може да го извршат и вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци кои во моментот располагаат со сопствено или службено возило.

Дворот на објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци, како и градскиот плоштад кој е во продолжение може да го искористат за лоцирање на пункт за укажување на прва медицинска помош.

## 2.10. Загрозеност на животните и производите од животинско потекло

Кога правиме проценка за Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци во делот за загрозеноста на животните и производите од животинско потекло пред сè треба да се напомене дека во околината нема магацински простории за складирање на производи од животинско потекло ниту кланици.

Објектот се наоѓа во подрачје на општина Кавадарци каде што нема фарми или домаќинства за одгледување на животни.

Извршувањето на дејноста на предметната локација од објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци нема да предизвика загрозеност на животните и производите од животинско потекло.

## 2.11. Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло

Работата на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци не влијае негативно врз одредени видови растенија, односно животински свет кои би биле загрозени од влијанието на бучавата од опремата за работа.

Во непосредна близина на објектот нема магацин за производи од растително потекло.

Објектот е приклучен на градската канализациона мрежа, што значи дека отпадната санитарна вода правилно се одведува од истиот согласно комуналните стандарди на општината Кавадарци.

При тековното изведување на дејноста не се создаваат никакви штетни материи кои би можеле да доведат до загрозување на растенијата и производите од растително потекло.

## 2.12. Асанација на теренот

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

Со цел успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи, потребно е во асанацијата на теренот да се ангажираат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокругот на работа имаат обврски на тој план. Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода, како од последиците кои би биле предизвикани.

Кон постапување по овие мерки, кои не се во контекст на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци ќе се придржува кон Плановите донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно ќе се придржува на Плановите за асанација на теренот на Општината Кавадарци и доколку се јави потреба за асанација вработените ќе побараат помош од надлежните институции во општината.

## 2.13. Загрозеност од техничко - технолошки несреќи и заштита на животната средина

Како ризични ситуации за настанување на ексцеси и друг вид на несреќи, со последици врз животната средина, се неправилно складирање, манипулација, транспортот и депонирање на опасните материи.

Опасни материи се супстанциите со експлозивни својства, компримираните и гасовите под притисок, запаливите течни и цврсти материи, самозапаливите, оксидирачките, бактериолошки неисправните, радиоактивните, корозивните, органските пероксиди и отрови. Како потенцијални предизвикувачи на технолошки катастрофи се идентификуваат транспортот на нафта и нафтени деривати и сите други дејности базирани на преработката или производство на токсични материи, како и неадекватното чување и складирање на опасни материи и нивното неадекватно депонирање.

Ризиците од појава на одредени природни (земјотреси, лизгање на тлото, поплави и др.) и технолошки (експлозии, пожари, хаварии, зрачења и др.) катастрофи, секојдневно значително се зголемуваат, правопропорционално со технолошкиот развој и урбанизацијата на средината. Последиците од овие катастрофи можат да имаат несогледиви размери. Во некои случаи, покрај губитоците на човечки животи, навремени или трајни оштетувања на објектите и другите материјални добра, далеку позначајни можат да бидат еколошките димензии (хемиските загадувања на почвата, водата и воздухот, радиоактивните зрачења и др.) на овие последици кои можат да се пренесат и на животот на идните поколенија. Карактерот на овие проблеми бара да тие бидат навреме согледани и дефинирани заради преземање соодветни превентивни мерки.

Заштитата и спасувањето од техничко - технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Мерките за заштита од техничко - технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласено еколошка димензија.

Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини а и во глобални рамки е доведен на границата на издржливост.

Едно од можните неопходни потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошка катастрофа е просторното и урбанистичкото планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и анализите од можните инциденти, во одржување на инсталациите и опрема треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

При изведувањето на конструкцијата на самиот објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци водена е сметка за спречување на појава на техничко - технолошка несреќа. Исто така за спречување на евентуална техничко - технолошка несреќа се прават постојани прегледи на средствата за работа од страна на овластени правни лица, како и проверка на заштитното заземјување на електричната инсталација.

**3. Потреби и можности за организација и раководење со заштита и спасувањето и организирање на силите за заштита и спасување**

Потреба за организирање на сили за заштита и спасување во објектот на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци постои, имајќи ги во предвид проценетите опасности, со тоа што силите за заштита и спасување би биле формирани само од стана на вработените лица во конкретниот објект.

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.12/2006) во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци се проценува дека треба да бидат организирани Штаб за заштита и спасување и Универзална единица за заштита и спасување во големина на екипа.

Штабот за заштита и спасување во својот состав има:
- командант на штабот за заштита и спасување,
- началник на штабот за заштита и спасување
- помошници на началникот на штабот за заштита и спасување и
- извршители за административно-технички и оперативни работи

Универзална единица за заштита и спасување во големина на екипа во својот состав има:
- командир
- заменик командир
- извршители

Детално бројот на членовите во составот на силите за заштита и спасување нивниот персонален состав како и описот на правата и обврските во делот на заштита и спасувањето ќе бидат разработени во Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

## 4. Оспособеност на субјектите за заштитита и спасување

Сите вработени кои што членуваат во Штабот за заштита и спасување и Универзалната единица за заштита и спасување имаат поминато соодветни обуки за вработените и тоа пред сѐ обука за гаснење на пожар од соодветни иститутции за стручно оспособување и обучување од страна на овластени правни лица.

Сите вработени мора да бидат запознаени со проценетите опасности во оваа проценка како и со предложените мерки во Планот за заштита и спасување.

За запознавање на вработените е задолжено раководното лице во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци.

## 5. Заклучок

Имајќи ги во предвид напред проценетите опасности по мерките за заштита и спасување, кои беа изнесени како резултат на анализа на општите карактериски на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, дејноста која што ја извршува, објектот во кој што се изведува дејноста, бројот на вработени и просечно присутни лица во објектот како и локациската поставеност се дава една генерална констатација дека опасност од загрозеност од природни непогоди и други несреќи постои.

Поради тоа мора и за секоја проценета опасност да се предложат мерки со цел заштита од опасностите или намалување на штетните последици.

Мерките ќе бидат детално образложени во Планот за заштита и спасување.

Од сите напред изнесени факти и аргументи кои произлегоа и се наметнаа од и при изработката на оваа проценка, неминовно се наметнува потреба од:

- што побрзо подигнување на степенот на оспособеност и обученост на сите субјекти, учесници во заштитата и спасувањето,

- потреба од непосредно поврзување, начин на комуницирање и барање помош од специјализираните единици како носители на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра, утврдени со позитивните законски прописи.

Се проценува дека доколку објектот биде зафатен од помала несреќа (помал пожар, поплава или земјотрес) со истата би можеле да се справат и самите вработени со користење на опремата за заштита и спасување со која што располагаат.

Доколку објектот биде зафатен од природна непогода или несреќа со поголем интензитет тогаш ќе биде неопходно да се побара помош од другите субјекти во системот на заштитата и спасувањето.

Оваа Процена влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-3418/32**
**31.05.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**План за заштита и спасување од природни непогоди,**
**и други несреќи**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** План за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3674/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) а во врска со член 10 и членот 13 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.34/2004....83/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.215/21), согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.12/06) и согласно Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен Весник на Република Македонија бр.76/06), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница, одржана на ден 31.05.2022 година, донесе ,

# П Л А Н

## за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи

# ВОВЕД

Како што е познато природните и други несреќи како што се земјотресите, поплавите, лизгањето на земјиште, големите пожари, несреќите предизвикани од експлозии во техничко - технолошки процеси, радиоактивните зрачења, контаминациите со опасни материи и друго, можат да предизвикаат опасности и последици од големи размери по животот и здравјето на луѓето, материјалните и културните добра, животната средина и природата.

Бидејќи природните непогоди настануваат како резултат на природни сили, тие се вон можноста за влијание на човекот за спречување на нивното настанување. Но, затоа пак, преку планирањето и спроведувањето на потребни мерки и активности, може да се влијае врз релативизирање, односно намалување на последиците кои што тие можат да ги предизвикаат.

Несреќите пак, како што се пожарите, несреќите во технолошките процеси, радиоактивните зрачења, контаминациите со опасни материи, експлозиите на гасови, сообраќајните несреќи со тешки последици итн. се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на активности од страна на човекот, како и резултат на неговото невнимание при ракувањето со опасни материи и средства во процесот на работа, складирање или транспорт. Ризиците за настанување на ваквите несреќи можат да се превенираат, односно да се спречи нивното предизвикување.

Согласно член 10 и 11 од Законот за заштита и спасување - Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр.93/12), заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, учесниците во системот на заштитата и спасувањето, донесуваат план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, кој се изработува врз основа на процената на загрозеност од природни непогоди и несреќи. Покрај Владата и Општините за изработка на планови за заштита и спасување се задолжени и трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби.

Со помош на планот за заштита и спасување, кој се изработува за потребите на единиците на локалната самоуправа, се утврдуваат организацијата, постапките и мерките со кои се обезбедува навремена и безбедна евакуација на вработените и материјалните добра во случај на несреќа.

Во согласност со барањето на Законот за заштита и спасување и подзаконските акти донесени врз негова основа, а согласно препораките на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија, изработен е План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци. Целта на изработката на Планот за заштита и спасување е овозможување на брза и непречена евакуација на вработените, присутните деца и другите посетители како и материјалните добра, врз основа на стручна процена на загрозеност од појавата на можните опасности, загрозеноста од природни непогоди и други несреќи и нивната процена на ризик.

Планот за заштита и спасување во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци се заснова на Проценката за загрозеност од природни непогоди и други несреќи, на реалните потреби и можности за спроведување на ефикасна заштита, преку искористување на расположивиот стручен потенцијал и ресурси, како и преку соработка и содејство со останатите субјекти на системот за заштита и спасување во Општина Кавадарци.

## СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.12/2006), за заштита на објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци од природни непогоди и други несреќи се формира Штаб за заштита и спасување и Универзална единица за заштита и спасување во големина на екипа.

Со заштитата и спасувањето во објектот раководи Штабот за заштита и спасување. Штабот за заштита и спасување во својот состав има:

- командант на Штабот за заштита и спасување,
- началник на Штабот за заштита и спасување,
- помошници на началникот на Штабот за заштита и спасување и
- извршители за административно - технички и оперативни работи.

Командантот на Штабот за заштита и спасување е „репрезент" на заштитата и спасувањето во објектот. Тој раководи со Штабот за заштита и спасување, го врши планирањето на заштитата и спасувањето, се грижи за обуката на штабот за заштита и спасување, обука на вработените, опремувањето на штабот за заштита и спасување, како и соработка и содејство со другите субјекти во системот за заштита и спасување.

Началникот на Штабот за заштита и спасување е одговорен за подготвеноста на вработените членови на силите за заштита и спасување, непосредно одлучува за употреба на силите за заштита и спасување, раководи со акциите за заштита и спасување во услови на природни и други несреќи, одлучува за вклучување на вработените како подршка и помош во акциите на заштита и спасување. Во услови на непогоди од поголеми размери, кога во акциите се вклучени и структурите за заштита и спасување од повисок ранг (општински, градски или републички), тој непосредно учествува во телата за раководење и командување со акциите за заштита и спасување.

Помошниците на началникот на Штабот согласно овој план во акциите за заштита и спасување непосредно раководат со оперативните активности на нивниот оперативен простор и ги извршуваат наредбите на командантот и началникот на Штабот за заштита и спасување. Тие исто така и го информираат командантот на штабот за состојбите и извршените активности.

Извршителите за административно - технички и оперативни работи ги извршуваат административно техничките работи за потребите на Штабот за заштита и спасување, а кои се однесуваат на ажурирањето на документите на Проценката и Планот за заштита и спасување, водењето на потребните евиденции сврзани со обуките и опремата, ажурирање на списоците на вработените обврзници во силите за заштита и спасување, одржувањето на опремата и средствата наменети за потребите на заштитата и спасувањето, евиденциите за извршените оперативни активности. Тие исто така ги преземаат и потребните мерки за хуманитарно згрижување на повредените и настраданите лица во услови на непогоди и други несреќи и другите работи определени од командантот и началникот на Штабот за заштита и спасување.

Персоналниот состав на вработените кои се задолжени со задачи и активности од работите за заштита и спасување е следниот:

**Персонален состав на Штабот за заштита и спасување:**

| Должност | Име и Презиме | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|
| Командант на Штабот | Митко Јанчев | | |
| Началник на штабот | Тодор Ефтимов | | |
| Помошници на Началникот на штабот | Драги Римов | | |
| | Тања Златева | | |
| Извршители за административно - технички и оперативни работи | Стефанија Стоева | | |
| | Ристе Спанцов | | |
| | Зоран Ефтимов | | |

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.12/2006) во составот на силите за заштита и спасување во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци се формира и Универзална единица за заштита и спасување во големина на екипа.

Членовите на Универзалната единица за заштита и спасување (екипа) се обучени за:

- давање на прва медицинска помош;
- згрижување и евакуација
- гаснење на помали и почетни пожари;
- заштита и спасување од поплави;

**Персонален состав на Универзалната единицаза заштита и спасување - (екипа):**

| Должност | Име и Презиме | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|
| Водител на екипа (командир) | Тодор Ефтимов | | |
| Заменик (командир) | Драги Римов | | |
| Извршители | Боро Ѓорѓиев | | |
| | Цветанка Камчева | | |
| | Ефтимчо Петковски | | |
| | Зоран Младеновски | | |
| | Марија Камчева | | |
| | Александар Ристовски | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Димитар Радњански | | |
| | Роза Гркова | | |
| | Даниел Чолаковски | | |
| | Доне Илов | | |
| | Надица Настова | | |
| | Влатко Ристовски | | |

Материјален состав на Универзалната единица за заштита и спасување:

- 9 противпожарни апарати, од кои:
  - 3 број – S-6
  - 3 број - S-9 и
  - 3 број – $CO_2$ - 5

- изведена надворешна хидрантска мрежа
- 1 број - надворешен хидрант
- Панични светла
- аларм

Заштитата од атмосферки празнења е решена со громобранска инсталација.

Во објектот има и лопати, скала, чекан, заштитни маски, водоинсталатерска лешта, лесни возила.

# 1. ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ВРЗ ОСНОВА НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи ги содржи детерминираните работни задачи и активности на вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, срочени во плански документи за:

- подготвеност на вработените кои се организирани во Универзална единица за заштита и спасување,
- мобилизација на членовите на Штабот за заштита и спасување и Универзалната едница за заштита и спасување, материјално - техничките средства и опрема и

Овие задачи и активности треба да бидат меѓусебно усогласени и да претставуваат единствена целина, а особено во поглед на постепеното или брзо активирање на системот за заштита и спасување и неговата употреба во случај на природни непогоди и други несреќи.

## 1.1. Подготвеност на вработените за заштита и спасување

Подготвеноста на вработените во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци за заштита и спасување на вработените, работната опрема и средствата за работа и материјалните добра подразбира задачи и постапки со кои се обезбедува благовремено и потполно спроведување на мерките за заштита и активирање на соодветната единица за заштита и спасување - екипа на вработени која е формирана за заштита и спасување во однос на степенот на загрозеност од природна непогода или друга несреќа.

Силите за заштита и спасување во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци, кои што се организирани како Штаб за заштита и спасување и Универзална единица за заштита и спасување (екипа), се подготвуваат, односно опремуваат, обучуваат и оспособуваат за:

- давање на прва медицинска помош;
- згрижување и евакуација
- гаснење на помали и почетни пожари;
- заштита и спасување од поплави;

Подготовката на силите за заштита и спасување, во делот на обуките, се извршува така што дел од вработени, членовите во силите за заштита и спасување завршуваат основна обука за: давање на прва медицинска помош, гаснење на помали и почетни пожари, спасување на загрозени и затрупни лица во плитки урнатини, учество во засолнување, евакуација и згрижување на вработените.

Периодично, најмалку еднаш на две години, се организираат и вежбовни активности преку кои се увежбува и проверува оспособеноста на вработените кои се со задолженија во силите за интервенции во реални услови.

За членовите на Штаб за заштита и спасување и на Универзалната единица за заштита и спасување, се организира и обука во Центарот за обука на Дирекцијата за заштита и спасување.

### 1.2. Мобилизација на силите за заштита и спасување, материјално - техничките средства и опрема

Документот за мобилизација на вработените кои се наоѓаат во силите за заштита и спасување, материјално - техничките средства и опрема содржи:

1. Упатство за извршување на мобилизацијата, со кое се регулираат задачите и постапките во случај на Наредба за мобилизација и начинот за извршување на мобилизацијата,
2. Список на куририте и преглед на превозните средства кои се користат, за извршување на транспорт на поканите и начинот на разнесувања на поканите на вработените, обврзници на силите за заштита и спасување и давателите на материјално техничките средства,
3. Список на вработените распоредени во формираните тимови за заштита и спасување кои се мобилизираат,
4. Персонален и материјален состав на Универзалната единица за заштита и спасување - екипа и на Штабот за заштита и спасување,
5. Шемата на разместување на Штабот за заштита и спасување и формираната екипа за заштита и спасување на мобилизациските места и местата за нивно активирање,
6. Потсетник за извршување на мобилизацијата за командантите и помошниците на командантите на Штабот за заштита и спасување и водителот на екипата,
7. Преглед на формациските материјално - технички средства и средствата од пописот и начинот на прием на опремата и средствата,
8. Мерки за безбедност за време на извршувањето на мобилизацијата,
9. Начин на снабдување на Штабот за заштита и спасување и формираната екипа за заштита и спасување со вработените, обврзници за заштита и спасување и материјално техничките средства за време на природните непогоди и други несреќи,
10. Акт на надлежниот орган во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци за именување на членови на Штабот за заштита и спасување.

Мобилизацијата на силите за заштита и спасување во објектот, се врши со одлука и по наредба на командантот на Штабот за заштита и спасување.

Мобилизацијата на вработените се извршува со повикување преку телефон. Контролата врз одзивот од мобилизацијата ја вршат:

- командантот на Штабот за заштита и спасување и
- командирот на универзалната единица за заштита и спасување.

Во зависност од проценката на ШЗС, мобилизацијата може да биде општа - целосна или само на дел од силите за заштита и спасување.

Доколку некој од вработените нема да може да се добие преку телефон тогаш мобилизацијата ќе се спроведува преку собирање со возило од адресата на живеење или престојување.

Од мобилизирањето и активирање во случај на несреќа се ослободени: бремените жени, болни лица и други лица кои од оправдани причини не се во состојба да учествуваат во заштитата и спасувањето.

### 1.3. Ангажирање на силите за заштита и спасување

Документот за ангажирање на силите за заштита и спасување се состои од документ, со кој се врши процена, се планираат задачите и постапките по сите мерки, начинот на употреба на единиците и раководење и командувањето со силите за заштита и спасување во целост.

Силите за заштита и спасување се ангажираат во услови на природни и други несреќи или заради обука и вежби. Ангажирањето на силите за заштита и спасување на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци се врши со одлука на командантот на Штабот за заштита и спасување, а во координација со командирот на универзалната единица.

За извршување на задачите за заштита и спасување, во зависност од природата и величината на несреќата, може да се ангажира само дел или целиот формациски состав на сите сили за заштита и спасување. Формацискиот и персонален состав на силите за заштита и спасување во објектот на Општинската зграда на Општина Кавадарци е дефиниран и прикажан во табелите за персоналниот состав во овој план.

Раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување е хиерархиски устроено, од врвот кон основата на хиерархиската пирамида.

Вработените ги почитуваат наредбите на Командирот на Универзалната единица. Тој се координира со Командантот на Штабот.

Наредбите на хиерархиски повисокиот старешина, се задолжителни за извршителите од хиерархиски понизок ранг.

# 2. ПЛАН ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

## 2.1. План за евакуација

Евакуацијата подразбира планско, организирано, контролирано и привремено преместување на вработените и материјалните добра, од потенцијално загрозеното или веќе загрозеното подрачје, на помалку загрозено или потполно безбедно подрачје. Со овој план неопходно е да се дефинираат силите и материјално - техничките средства како и начинот на употреба на истите при спроведувањето на мерката евакуација.

Евакуацијата од Општинската зграда на Општина Кавадарци, се спроведува по проценка и со одлука на началникот на Штабот за заштита и спасување или командирот на Универзалната единица, во услови кога со други заштитни мерки не можат да се спречат последиците за луѓето и материјалните добра, предизвикани од природни и други несреќи, а со нивното останување на загрозениот простор се очекуваат големи загуби.

Командирот оваа акција ја презема во согласност со Штабот или на своја волја ако процени дека опасноста може да донесе несакани последици ако не се реагира брзо.

### 2.1.1. Потсетник за употреба на Планот и постапки за евакуација

Во услови на природни и други несреќи, евакуацијата и спасувањето на загрозените лица имаат приоритет пред сите други мерки и активности.

Евакуацијата и спасувањето треба да се извршат брзо и ефикасно, без да се предизвика страв и паника кај лицата кои што треба да се евакуираат.

По утврдената проценка за потребата од евакуација, командирот на универзалната единица за спроведување на евакуација т.е. на Универзалната единица треба да утврди:

- каде се наоѓаат загрозените лица (во кој дел од објектот),
- колку лица се загрозени,
- во каква состојба се загрозените лица (дали можат самостојно да се движат, колку лица се неподвижни и дали им е потребна помош, дали евентуално ги зафатила паника и сл.),
- кои лица приоритетно треба да се евакуираат и нивниот број,
- дали при евакуацијата евентуално се заканува некоја опасност и за каква опасност станува збор (опасност од пожар, зачадување, препречување на патот или друга опасност),
- патиштата преку кои ќе се спроведе евакуацијата,
- прифатот на евакуираните лица и нивно евидентирање,
- превоз на евакуираните и нивното згрижување.

По утврдувањето на сите потребни податоци, Командирот на Универзалната единица за заштита и спасување издава наредба за евакуација на останите членови на силите за заштита и спасување. Со наредбата се дефинира:

- кој треба да се вклучи во извршувањето на оперативните активности за евакуацијата,
- колку лица треба да се евакуираат,
- кои лица имаат приоритет за евакуација,
- како треба да се изврши евакуацијата,
- по кои патишта да се врши евакуација,
- местото за прифат на евакуираните лица,
- лицата за прифат и евиденција на евакуираните и
- превозот на евакуираните лица.

При донесувањето на одлуката за спроведување на евакуацијата рангот на приоритет е следниот:
- жените трудници (доколку ги има),
- повредените и повозрасните вработени и посетители,
- останатите присутни во објектот.

Обврзниците на силите за заштита и спасување вклучени во извршување на евакуацијата, постапуваат на следниот начин:
- на лицата кои што самостојно можат да се движат, им се покажува насоката за движење по патот за евакуација, придружувајќи ги до излезот,
- повредените се евакуираат со носење на раце,
- на лицата на кои што за движење им е потребна помош, им се обезбедува придружба од обврзниците на силите за заштита и спасување или придружба од вработените во објектот,
- неподвижните лица се евакуираат на соодветни санитетски носила и утврдените стандарди.

Евакуацијата ја извршуваат обврзниците на силите за заштита и спасување на објектот.

Евакуацијата од објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци треба да се изведува согласно плановите за евакуација дадени во прилог на овој Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Евакуацијата ќе се извршува по најкусите и безбедни патишта во објектите, при чие дефинирање е применет стандардот според кој за најкус пат се смета оној кој што од просторијата/просторот до означениот излез, изнесува не повеќе од 20 метри.

Одборот за прифат води евиденција за евакуираните лица, како и евиденција за распоредот на нивното натамошно згрижување. Со оглед на тоа што овде силите се организирани како Универзална единица за заштита и спасување, Командирот на екипата наредува кој од членовите ќе го претставуваат Одборот за прифат.

**Табела: Одбор за прифат на излезот од објектот**

| Ред. бр. | Име и презиме | должност | Оддел во кој работи |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

## 2.1.2. План за евакуација на материјални добра

Планот за евакуација на материјални добра зависи пред сè од типот на природна непогода. На пример при земјотреси, брзи пожари и други непогоди кои не можат да се предвидат нема многу услови за евакуација на материјалните добра. За разлика од овие непогоди, при поплави и некои други непогоди кои бавно се одвиваат и можат да се предвидат, може да се изврши евакуација на материјалните добра со службените или однапред определени транспортни возила на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци.

Ќе се евакуираат пред сè материјалните добра кои се од големо значење и од потреба за работниот процес, на пример: компјутерите (сервери), регистрите со документација, а потоа останатите предмети.

Збирно место при евакуацијата е во дворот и широчината на градскиот плоштад кој е во продолжение на објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци. Во близина е и главната улица во градот на кој директно се поврзува.

По потреба, проценка и со одлука на Командирот на Универзалната единица за заштита и спасување, за извршување на евакуацијата може да се побара и ангажирање на општински, односно републички сили за заштита и спасување, како и ангажирање на други субјекти чија што дејност е сврзана со безбедноста на граѓаните, како на пример Територијалната Противпожарна единица во Кавадарци и соседните општини, полиција, екипи од Дирекцијата за заштита и спасување и други.

## 2.2. План за засолнување на вработените, останатите лица кои се наоѓаат во објектот и материјалните добра

Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци по мерката засолнување на загрозени и настрадани лица, ќе се придржува кон Плановите за згрижување на загрозено и настрадано население, донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно Планот на Општината Кавадарци, па така доколку се јави потреба за засолнување, вработените се должни да побараат помош од Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение Кавадарци.

## 2.3. План за згрижување на евакуираните лица

Во услови на природни и други несреќи и евентуално извршена евакуација на загрозени лица од објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци вклучувајќи го и нејзиниот надворешен простор, евакуираните лица се згрижуваат во најблиската здравствена установа на подрачјето на Општината Кавадарци.

Кон постапување по овие мерки, кои не се во контекст на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци ќе се придржува кон Плановите донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно ќе се придржува на Плановите за згрижување на настрадано и загрозено население за Општината Кавадарци.

Вработените се должни да побараат помош од надлежните институции на локалната самоуправа и од подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.

## 2.4. План за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последици од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Со цел спречување на евентуална хемиска контаминација преземени се следните превентивни мерки:

- при изведување на процесот на работа се земени во предвид сите барања за заштита при работа,
- соодветна заштита на магацинскиот простор и материјалите кои што се лесно запаливи,
- во објектот има поставено пп апарати.

Од преземените превентивни и предложените мерки може да се заклучи дека речиси е невозможно настанување на хемиска контаминација како резултат на редовното работење и изведување на дејноста од Административната зграда на Општината Кавадарци.

Потребата од РХБ заштита доаѓа поради можноста од хаварии на нуклеарни централи во соседните држави како и несреќи во фабрики кои работат со опасни материи.

Мерки:

1. Заштита на вработените кои се затекнале во објектот во моментот на настанување на РХБ опасноста:

- затворање на прозори, врати и сите други отвори како би се спречило влегувањето на контаминирани честички од надвор.

- употреба на РХБ заштитни средства и опрема со кои располага претпријатието, а ако нема такви, покривање на отворените делови од телото со облека, ставање на влажни марами околу устата и сл.

- чекање на сигнал од Дирекцијата за ЗС кога да се изврши евекуација и на кој начин,

- евакуација и брзо напуштање на објектот доколку било каква несреќа се заканува на соседните објекти,

- при евентуален пожар преземање на мерки со цел негово локализирање и гаснење, односно треба да се направат напори пожарот да не ги зафати соседните објекти,

- знаци за предупредување и опасност вработените треба да им дадат и на вработените во соседните објекти за и тие да преземат превентивни мерки со цел заштита од опасности.

2. Потребно е локалната самоуправа да организира курсеви за вработните за обука во случај АБХ опасност како и да обезбеди средства за набавка на потребна опрема за заштита од опасноста од АБХ.

Единиците за заштита и спасување од локалната самоуправа ги имаат следните задолженија:

- го одредуваат степенот на контаминација на луѓето и средствата;

- за помалку загрозените вршат само деконтаминација на пропишан начин и продолжуваат со активности за заштита и спасување и

- за потешко контаминираните се згрижуваат, им се укажува ПМП, примарна деконтаминација, им се даваат средства за лична заштита и се упатуваат во најблиската скривница или на друго побезбедно место.

## 2.5. План за заштита и спасување од урнатини

Планот за заштита и спасување од урнатини опфаќа мерки и активности за заштита од уривање на објектите, извидување на урнатината, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетувањето и поместените делови на објектите заради дополнително уривање, преземање на мерки од задолжителни опасности, извлекување на затрупаните, укажување на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Истражувањата покажале дека превенцијата е поевтина отколку отстранувањето на штетите а спонтаните, некоординирани и панични постапки се опасни, па затоа треба да се настојува во такви ситуации да се реагира организирано бидејќи стравот и емоциите најмалку можат да помогнат, а тие се сепак најприсутни и затоа треба енергично да се делува согласно утврдени планови и постапки во претпријатието.

Со цел отстранување и намалување на опасностите и последиците врз вработените, посетителите и другиот ангажиран персонал и материјалните добра во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци од уривање потребно е преземање на превентивни и оперативни мерки за заштита.

Како превентивни мерки се сметаат:

- едукативни мерки преку посебни едукативни предавања за запознавање со мерките и постапките во случај на земјотрес. За ова е потребно соработка со сите вработени и ако е потребно со подрачното одделение за заштита и спасување,
- намалување на ризикот од инвентар, спречување пренатрупаност и обезбедување слободни излези,
- психолошка подготовка - упатување на вработените за карактерот на земјотресите и што треба да направат во случај на настанување,
- материјали и средства - ефикасни за реализација на мерките за заштита и спасување. За тоа е потребно медицински материјал за прва помош, средства за ПП заштита, алат и средства за извлекување и спасување од урнатини, батериски ламби и апарати за комуникација.

Во случај на појава на урнатини од било кој обем и вид, заради заштита на вработените, посетителите и другиот ангажиран персонал и материјалните добра во објектите се организираат и спроведуваат следните оперативни мерки за заштита и спасување:

- извидување на урнатината,
- пронаоѓање на затрупани лица во урнатината,
- осигурување на оштетените и поместените делови од конструкцијата,
- спасување на затрупаните лица и извлекување надвор од зоната на урнатините и укажување на прва медицинска помош,
- транспорт на повредените до здравствените установи на територијата на Општина Кавадарци.

Во случај на евентуално настанување на урнатини и рушевини, со расчистувањето на истите субјектот ќе бара помош и од надлежните институции на општината и подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.

Приоритет при спасувањето секогаш ќе имаат луѓето, а потоа материјалните и другите добра.

**2.6. План за заштита и спасување од поплави**

За спречување или намалување на последиците од поплавување се преземаат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување.

Во превентивни мерки спаѓаат:

- набавка на вреќи за правење одбранбен насип околу објектот,
- набавка на пумпа за извлекување на вода,
- редовна контрола и одржување на канализационите и водоводни инсталации во и околу објектот во исправна и функционална состојба,
- поставување на неповратни вентили (клапни) за канализациона и атмосферска одводна мрежа,
- правовремена евакуација на вработените кои се загрозени и материјалните добра како и формирање на сили за заштита и спасување,
- изградба, одржување и санирање на оштетените објекти за заштита од поплави, набљудување.

Оперативните мерки содржат:

- правење одбранбен насип со вреќи со песок и друг фортификациски материјал околу објектот (онаму каде што е потребно) или отворите на објектот доколку му се заканува опасност од околниот терен,
- затварање на главниот вентил за довод на вода од водоводната инсталација,
- затварање на неповратните клапни на канализационата и атмосверска одводна мрежа,
- испумпување и исфрлање на навлезената вода во простории од објектот со расположливите средства и опрема – пумпи за вода и кофи со кои располага објектот,
- евакуација на материјалните добра, документација, кај кои постои опасност да бидат зафатени од разлеаната вода,
- обезбедување на објектот со воведување на дежурство од страна на вработените,
- после поплавата од комуналните претпријатија да се бара чистење и санација на канализациониот систем.

## 2.7. План за заштита и спасување од пожари

Заштитата од пожари во објектот е организирана согласно законските прописи, со примена на пропишаните локациски и градежни мерки за заштита. Во Проценката за загрозеност на објектот од пожари, дадени се сите потребни параметри од кои може да се заклучи дека, обезбедени се пропишаните соодветни градежни и материјално - технички услови за ефикасна заштита од пожари и се предложени соодветни мерки за зголемување на заштитата и спасување од пожари. Најголемиот ризик на можно загрозување од пожар е човечкиот фактор, преку непридржување кон мерките за заштита од пожар, при извршувањето на работните обврски или невнимание и негрижа при престојот во објектот.

### 2.7.1. Формациски и прирачни средства за заштита и спасување од пожари

Во објектот на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци се користат следните формациски и прирачни средства за заштита и спасување од пожари:

- 9 противпожарни апарати, од кои:
  - 3 број – S-6
  - 3 број - S-9 и
  - 3 број – $CO_2$ - 5

- изведена надворешна хидрантска мрежа
- 1 број - надворешен хидрант

### 2.7.2. Потсетник за употреба на Планот за спроведување на превентивни мерки за заштита од пожар

Заради спречување на настанување, локализирање и ефикасно гаснење на евентуално настанат пожар во објектот – Општинска зграда на Општина Кавадарци, се преземаат превентивни мерки:

- во објектот на Општинската заграда на Општина Кавадарци има поставено пп апарати,
- во објектот има ознаки на кој што е прикажан правецот на движењето кон излезите означен со јасно видливи натписи и стрелки.
- во локацијата на објектот има лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила од пристапниот пат директно до самиот објект,
- објектот е изграден со примена на незапаливи градежни материјали кои имаат пожарна отпорност во времетраење од најмалку два часа,
- во објектот има поставено и повеќе главни разводни табли во кои се наоѓаат автоматски осигурачи за заштита на електричните проводници од електричната инсталација од куса врска,

- во случај на пожар (или каков било друг инцидентен настан) патиштата за евакуација на луѓето од објектот се кратки, јасни и незапречени.

- на соодветни места во објектот има поставено информативни табли со правилата за безбедност, планови за евакуација и спасување, планови за итни случаи и алармирање, како и знаци за забрана и информирање.

- редовно сервисирање и контролно испитување на противпожарните апарати во објектот,

- стандардизирано користење согласно инструкциите и упатствата за безбедно работење и одржување на електричната инсталација во објектот.

Во акциите на гаснење на пожарот приоритетно е:

- спасување на загрозените лица,
- локализирање на пожарот,
- гаснење на пожарот,
-преземање на мерки со цел спречување пожарот да се прошири кон соседните објекти.

Ако во пожарот има загрозени лица, веднаш се пристапува кон нивно спасување и евакуација.

Ако постои потенцијална опасност пожарот да се прошири и да загрози и други лица, и во тој случај неодложно се пристапува кон акција за нивна евакуација.

Ако од пожарот нема загрозено луѓе, тогаш брзо и ефикасно се пристапува кон негова локализација, односно со спречување на негово ширење, а потоа и целосно гаснење.

Заради безбедност при гаснењето, како и поради опасност од проширување на пожарот, во зависност од конкретната ситуација и проценка, сегментарно или целиот објект се исклучува од напојување со електрична енергија.

При локализацијата на пожарот (спречување на неговото ширење), првенствено се дејствува во правецот во кој што можат да бидат загрозени човечки животи. Потоа се дејствува на спречување на ширење на пожарот во деловите од објектот или опремата, на кои постои опасност од предизвикување на големи материјални штети или опожарување на поголем простор.

Со акцијата за гаснење на пожарот и спасување на луѓето и материјалните добра, до доаѓањето на Територијалната Противпожарна единица, раководи командирот на Универзалната единица одреден од раководството на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци.

По доаѓањето на Територијалната Противпожарна единица, со акцијата раководи одговорното лице од Територијалната Противпожарна единица согласно законските прописи.

При евентуален пожар особено внимание треба да се посвети на изборот на средствата кои што ќе се користат за гаснење на пожарот. Имено, треба да се користат средства за гаснење кои нема да предизвикаат оштетување на неопожарената опрема, но на прво место средства кои се погодни за гасење на вакви пожари и горливи материи. Се користи сув прав за гаснење пожар S, $CO_2$,

пена или други средства за гаснење. Водата како средство за гаснење на пожар да се користи само во неопходна мера.

Во случај на пожар во објектот, лицата се евакуираат преку најблиските можни излези до собирната точка, зона која што се смета за безбедна, од каде што понатаму ги почитуваат наредбите од командантот.

Останатите лица од Универзалната единица се справуваат со пожарот.

## 2.8. План за укажување на прва медицинска помош

Иако може да се очекува брзо пристигнување на стручна медицинска помош и повредените лица брзо да се транспортираат до најблиската здравствена установа, сепак од непроценлива важност е познавање на основните работи за давање прва помош од страна на вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци.

Имајќи ги во предвид сите видови опасности потребно е објектот навремено и редовно да се опремува и обучува со средства за прва медицинска помош кои можат да бидат прирачни и специјални.

Потребен е посебен ангажман за обезбедување на неопходна санитетска опрема.

Задолжително запознавање на вработените со какви средства се располага и каде овие средства се чуваат и начинот на нивната употреба.

ПМП се спроведува со цел спасување на животот на повредените и спречување на инвалидитет. Таа се дава на лице место каде што ќе се затече повреденото лице.

Постапки со цел укажување на прва медицинска помош, на вработените и другите присутни лица затекнати во моментот на несреќата, ќе преземаат вработените членови на Универзалната единица за заштита и спасување.

Секој вработен - член на Универзалната единица за заштита и спасување мора да биде обучен за давање на прва помош.

За време на помасовни катастрофи кога ќе има поголем број на повредени, вработени или присутни, ПМП ќе се спроведува преку следните постапки:

- преглед и проценка на видот и бројот на повредените,
- јавување и барање помош од екипи за стручна медицинска помош и
- укажувањето на прва медицинска помош го вршат само добро обучени лица т.е. вработените кои се членови во Универзалната единица за заштита и спасување.

Постапка со повредениот:

- преглед на повредениот - состојби кои бараат неодложна помош, (губење свест, вештачко дишење, надворешна масажа на срцето, вештачко дишење и масажа на срцето),
- постапка при давење,
- постапка при повреда од електрична енергија,

- скршеници на коските (имобилизација на скршеници, повреда на глава, повреда на вратот, градниот кош, стомакот, 'рбетниот столб, карличната коска),
- постапување при топлотни и хемиски повреди, труење со гасови и сл.

По успешно укажаната ПМП следува транспорт до најблиската здраствена установа. Санитетскиот транспорт е најдобро да се изведе со санитетско возило за сериозно повредените, а за останатите транспортот може да го извршат и вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци кои во моментот располагаат со сопствено или службено возило.

Дворот пред објектот и градскиот плоштад може да се искористат за лоцирање на пункт за укажување на прва медицинска помош.

Во објектот има кутија за прва помош.

## 2.9. Асанација на теренот

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

Со цел успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од природните непогоди и други несреќи, потребно е во асанацијата на теренот да се ангажираат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокругот на работа имаат обврски на тој план. Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во дирекна зависност од видот и обемот на природната непогода, како и од последиците кои би биле предизвикани.

Кон постапување по овие мерки, кои не се во контекст на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци ќе се придржува кон Плановите донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно ќе се придржува на Плановите за асанација на теренот за Општината Кавадарци, а вработените се должни да побараат помош за асанација на теренот од надлежните институции во општината како и од Подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.

## 2.10. План за заштита и спасување на животната средина и природата

Заштитата на животната средина и природата опфаќа превентивни мерки и активности со кои ќе се попречи и превенира настанување на поголеми хаварии во технолошкиот процес кои негативно би влијаеле врз животната средина и природата.

Ризиците од појава на одредени природни (земјотреси, лизгање на тлото, поплави и др.) и технолошки (експлозии, пожари, хаварии, зрачења и др.) катастрофи, секојдневно значително се зголемуваат, правопропорционално со технолошкиот развој и урбанизацијата на средината. Последиците од овие

катастрофи можат да имаат несогледливи размери. Во некои случаи, покрај губитоците на човечки животи, навремени или трајни оштетувања на објектите и другите материјални добра, далеку позначајни можат да бидат еколошките димензии (хемиските загадувања на почвата, водата и воздухот, радиоактивните зрачења и др.) на овие последици кои можат да се пренесат и на животот на идните поколенија. Карактерот на овие проблеми бара да тие бидат навреме согледани и дефинирани заради преземање соодветни превентивни мерки.

Заштитата и спасувањето од техничко - технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Мерките за заштита од техничко - технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласено еколошка димензија.

Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини а и во глобални рамки е доведен на границата на издржливост.

Едно од можните неопходни потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошка катастрофа е просторното и урбанистичкото планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и анализите од можните инциденти, во одржување на инсталациите и опрема треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Сите градежни материјали во конструкцијата на објектот се во функција да ги задоволат потребните основни барања:

- термоизолација и
- хидроизолација.

На работна опрема се вршат редовни технички прегледи и периодични испитување.

Објектот е опремен со опрема за заштита од пожари преку која се овозможува брзо гаснење на пожарот а со тоа посредно и заштита на животната средина од причина што при избувнувањето на пожар со поголем интензитет покрај материјални загуби би предизвикало и загадување на животната средина во непосредната околина.

Со цел спречување во иднина да дојде до загадување на животната средина во планот се предлагаат следните мерки:

- Редовно одржување на хигиената во работниот простор,
- Редовно сервисирање на опремата за пп заштита,
- Редовно испитување на работната опрема,
- Набавка на дополнителна опрема за ппз.

## 3. ОБУЧУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Обучувањето за заштита и спасување опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг, вежби за стекнување на неопходните стручни и други знаења за извршување на задачи во заштитата и спасувањето на вработените, обврзници на силите за заштита и спасување во Единицата на локалната самоуправа – Општина Кавадарци.

Во центарот за обуки, тренинг и вежби на Дирекцијата за заштита и спасување, се врши оспособување на основна, дополнителна и специјализирана обука на вработените, обврзници на силите за заштита и спасување врз основа на наставни планови и програми.

Подготвувањето на вработените, обврзници на силите за заштита и спасување за самозаштита се остварува и со обучување во образовните институции и преку информирање преку разни средства и извори за информирање.

Финансиските средства за опремување и оспособување на вработените, обврзници на силите за заштита и спасување се обезбедуваат од сопствени средства.

4.Овој План влегува во сила со денот на донесвањето а ќе се објави Службен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3418/33**
**31.05.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

# ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

# ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И СПАСУВАЊЕ




ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ

ГЛАВНА ЕЛ. РАЗВОДНА ТАБЛА

ПП АПАРАТ

ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО

# ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И СПАСУВАЊЕ
## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Кавадарци – спрат 1




| ЛЕГЕНДА | ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА: | |
|---|---|---|
| | **ПОЖАР** | **ЗЕМЈОТРЕС** |
| ★ СЕ НАОЃАМ ТУКА<br>ХИДРАНТ<br>ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ<br>ПП - АПАРАТ<br>ГРТ ГЛАВНА ЕЛ. РАЗВОДНА ТАБЛА<br>КУТИЈА ЗА ПРВА ПОМОШ | • Не паничи;<br>• Обиди се да го изгаснеш пожарот;<br>• Доколку не можеш да го изгаснеш пожарот јави се на телефон 193;<br>• Помогни во евакуација на луѓе и материјални добра;<br>• Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;<br>• Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија; | • Не паничи;<br>• Засолни се под носечки столб, рамка на врата или пак биро;<br>• Помогни во евакуација на повредени луѓе;<br>• Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација; |

# ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И СПАСУВАЊЕ
# ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Кавадарци – Спрат 2




| ЛЕГЕНДА | ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА: | |
|---|---|---|
| | ПОЖАР | ЗЕМЈОТРЕС |
| СЕ НАОЃАМ ТУКА<br>ХИДРАНТ<br>ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ<br>ПП - АПАРАТ<br>ГРТ ГЛАВНА ЕЛ. РАЗВОДНА ТАБЛА<br>КУТИЈА ЗА ПРВА ПОМОШ | • Не паничи;<br>• Обиди се да го изгаснеш пожарот;<br>• Доколку не можеш да го изгаснеш пожарот јави се на телефон 193;<br>• Помогни во евакуација на луѓе и материјални добра;<br>• Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;<br>• Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија; | • Не паничи;<br>• Засолни се под носечки столб, рамка на врата или пак биро;<br>• Помогни во евакуација на повредени луѓе;<br>• Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација; |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за определување на име на инфраструктурен објект – кружен тек во град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3674/35**
**02.06.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а во врска со член 4, став 1, од Законот за определување на имиња на улици, плоштади и мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. Весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11 , 163/13, 147/15), и Правилникот за содржината, постапката и начинот за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. Весник на РМ“ бр.152/07), Иницијатива за именување на кружен тек со арх.бр.08-3455 од 23.05.2022 година, доставена од Здружение Доброволно противпожарно друштво САШКО ГЕШОВСКИ Кавадарци, член 28 став 4 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница, одржана на ден 31.05.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За определување на име на инфраструктурен објект – кружен тек во град Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Одлука се врши определување на име на инфраструктурен објект –и тоа:

- Просторот определен како кружен тек - спој на бул„Никола Минчев„ со ул.„Илинденска„ на коридор север-југ и бул„Моша Пијаде„ со бул„Кочо Рацин на коридор исток – запад во град Кавадарци,

СЕ ИМЕНУВА „САШКО ГЕШОВСКИ„

**Член 2**

По донесувањето на Одлуката од Советот на Општина Кавадарци, истата ќе биде доставена до Државниот завод за статистика за доделување на матичен број на инфраструктурниот објект.

**Член 3**

По добивањето на матичниот број на нфраструктурниот објект, Одлуката ќе биде доставена до Централниот регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

**Член 4**

Матичниот број што ќе го добие нфраструктурниот објект, ќе биде евидентиран во електронската евиденција која што ја води Општината

**Член 5**

За извршената промена во електронската евиденција, Општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање на огласната табла во општината или на веб станата на општината.

**Член 6**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 3418/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Одлука за изработка на идејно решение за поставување на спомен обележје на инфраструктурен објект кружен тек-Сашко Гешовски спој на бул„Никола Минчев„ со ул.„Илинденска„ на коридор север-југ и бул„Моша Пијаде„ со бул„Кочо Рацин на коридор исток - запад**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изработка на идејно решение за поставување на спомен обележје на инфраструктурен објект кружен тек-Сашко Гешовски спој на бул„Никола Минчев„ со ул.„Илинденска„ на коридор север-југ и бул„Моша Пијаде„ со бул„Кочо Рацин на коридор исток - запад, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3674/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ”бр.5/2002), а во врска со Иницијатива за именување на кружен тек со арх.бр.08-3455 од 23.05.2022 година, доставена од Здружение Доброволно противпожарно друштво САШКО ГЕШОВСКИ Кавадарци, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница, одржана на ден 31.05.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**за изработка на идејно решение за поставување на спомен обележје на инфраструктурен објект кружен тек-Сашко Гешовски спој на бул„Никола Минчев„ со ул.„Илинденска„ на коридор север-југ и бул„Моша Пијаде„ со бул„Кочо Рацин на коридор исток - запад**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци ја прифаќа Иницијативата за именување на кружен тек и поставување на спомен обележје со името Сашко Гешовски, со арх.бр.08-3455 од 23.05.2022 година, доставена од Здружение Доброволно противпожарно друштво САШКО ГЕШОВСКИ Кавадарци.

**Член 2**

Општина Кавадарци превзема обврска да изработи идејно решение - спомен обележје -Сашко Гешовски, согласно Законот за меморијални споменици и спомен обележја.

**Член 3**

Спомен обележјето на Сашко Гешовски ке биде поставено на инфраструктурен објект - кружен тек спој на бул„Никола Минчев„ со ул.„Илинденска„ на коридор север-југ и бул„Моша Пијаде„ со бул„Кочо Рацин на коридор исток – запад.

**Член 3**

Финансиските средства за изработка на спомен облежјето од член 1, ке се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“

**Бр.08- 3418/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Заклучок по Барање со арх.бр.08-3347/1 од 18.05.2022 година доставено од „Inovativa GROUP„ДОО Скопје**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок по Барање со арх.бр.08-3347/1 од 18.05.2022 година доставено од „Inovativa GROUP,,ДОО Скопје, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 3674/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05, ....75/21), расправајќи по Барање со арх.бр.08-3347/1 од 18.05.2022 година доставено од „Inovativa GROUP,,ДОО Скопје,

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Културната манифестација „Тиквешки Гроздобер 2022,, да се одржи во деновите 9-ти, 10-ти и 11-ти Септември 2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 3418/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Заклучок за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од мраз, слана и ниски температури во Општина Кавадарци во деновите 08, 09 и 10.04.2021 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од мраз, слана и ниски температури во Општина Кавадарци во деновите 08, 09 и 10.04.2021 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 31.05.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09- 3674/38** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 60 став 1 точка 1, член 143 став 1 алинеја 2 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.26/2004, .... 83/2018 „Сл. весник на РСМ" бр. 82/2021 и 2015/21) , член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05, .... 75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница одржана на ден 31.05.2021 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од мраз, слана и ниски температури во Општина Кавадарци во деновите 08, 09 и 10.04.2021 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Елаборатот за проценка на материјална штета од природна непогода – голомразица што го зафати подрачјето на територијата на Општина Кавадарци во деновите 08, 09 и 10.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Кавадараци"

**Бр.08- 6481/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**